# Годишен извештај за работата на Царинската управа **2023**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЦАРИНСКА УПРАВА
ЦАРИНА • CUSTOMS

# Годишен извештај за работата на Царинската управа во 2023 година

## *Европска интеграција*

### *Билатерален состанок за утврдување на подготвеноста на Република Северна Македонија за Поглавје 29 – Царинска унија*

Во јуни 2023 година Работната група за Поглавје 29 - Царинска Унија на билатерален скрининг со Европската комисија го презентираше постигнатиот напредок во процесот на подготовка за пристапување кон Европската Унија.

Законодавството на Европската унија релевантно за Поглавјето 29 опфаќа прописи што се директно обврзувачки за земјите членки. Беше презентирана сегашната состојба и плановите за усвојување на Царинскиот законик на Унијата и одредбите за негово спроведување, Комбинираната номенклатура, Заедничката царинска тарифа и одредбите за тарифно распоредување. Во рамки на билатералниот скрининг беа презентирани одредбите за ослободувања од царински давачки, суспензија на давачки и квоти, царинска контрола на спроведувањето на правата на интелектуална сопственост на стоки, прекурзори, културни добра, транзитна постапка, царински информатички системи, меѓусебната административна помош по царинските прашања. Беше даден осврт и кон сегашните капацитети за спроведување на регулативите, како и капацитетите за натамошна дигитализација, со планови за нивно зајакнување според потребите за одржлив развој.

Според заклучоците од состанокот:

- Поглавјето 29 – Царинска унија е напредно поглавје и постигнато е високо ниво на подготовка за евроинтегративниот процес;
- Царината постапува по многубројни закони и други акти (60 закони и 637 подзаконски и други акти);
- Забележителни резултати се постигнати во наплатата на приходи (гледано во последните 10 години, остварена двојно поголема наплата);
- Во областа транзит на стоки, Република Северна Македонија веќе функционира како земја членка на ЕУ;
- Се работи во континуитет и обезбедена е непреченост на функционирањето на царинските системи; ж
- Воведувањето на информатички технологии останува приоритетна област на делување и тука треба да бидат опфатени сите аспекти;
- По 2011 година прашањето на безбедност останува приоритет;
- Активностите за борба против измама, нелегална трговија и организиран криминал исто остануваат да бидат приоритет;

- Во борбата против корупција се гледа сериозен пристап и залагање.

### *Констатирани резултати и приоритети во идно делување на патот за интегрирање во Европската Унија*

Во ноември Европската комисија го објави Извештајот за Република Северна Македонија за 2023 година. Се констатира добро ниво на подготвеност во однос на европските норми за царински правила и постапки, каде се бара усогласување на законодавството, соодветен капацитет за спроведување и примена и пристап до заедничките компјутеризирани царински системи.

Во Извештајот Европската комисија меѓу другото забележува:

- Степенот на усогласеност на царинското законодавство со правото на ЕУ е висок. Царинската тарифа од 2023 година е усвоена и истата ги одразува најновите измени во Комбинираната номенклатура на ЕУ. Имплементиран е Дополнителниот протокол 5 на ЦЕФТА за олеснување на трговијата, а продолжи и промоцијата на концептот на Овластен економски оператор (ОЕО). Досега 27 компании се иматели на уверение за ОЕО.
- Во однос на административниот и оперативниот капацитет, стандардите за професионален интегритет и борба против корупција се применуваат доследно.
- Поголем износ на наплатени увозни давачки;
- Воспоставен е сеопфатен разузнавачки систем за поддршка на контролата и истрагите. Управувањето со ризик се применува систематски.
- Заеднички гранични контроли се спроведуваат со Србија и Албанија. Продолжи дигитализацијата на царинските постапки и воведена е зелена царинска декларација, со што се овозможува завршување на увозните и извозните постапки за еден час, во целосно безхартиена постапка.
- Системот за електронска размена на податоци (SEED+) е во функција, што овозможува усогласена работа на службите присутни на границите.

Дадени се препораки за имплементирање на Новиот компјутеризиран транзитен систем Фаза 5, да се продолжи со консолидација и целосна употреба на ИТ системите, вклучително и усогласување со системите од Повеќегодишниот акциски план (MASP) на Европската Комисија и обезбедување на нивна континуирана надградба и деловен континуитет,

ратификување на Протоколот за елиминирање на нелегалната трговија со тутунски производи.

## *Ратификуван меѓународен договор за учество во Програмата на ЕУ Царина 2021 -2027*

Склучен е меѓународен договор за учество во Програмата Царина за период од 2021-2027 (ратификуван од Собранието на Република Северна Македонија, Сл. Весник бр. 129/23 од 21.6.2023 година). Потпишан е и Договор за грант за периодот 2021-2024 година (октомври 2023 година), со кој Програмата и официјално станува активна. Европската Комисија ѝ одобри на Царинската управа активно учество во активностите од почетокот на програмата, со цел користење на придобивките од истата.

Во рамките на проектот се реализираат обуки, работилници, семинари, работни групи, состаноци, а царинските службеници имаат можност да учествуваат на настани преку кои се доближуваат до работата на царинските служби на земјите членки на ЕУ. Основна цел на Програмата е изучување, размена на знаења и искуства и запознавање со најдобрите практики во царинското работење на земјите од Европската Унија и земјите од Западен Балкан што се вклучени во Програмата, како и реализација на стратешките политики и цели на ЕУ.

Преку Програмата Царина на македонски јазик преведени се 20 курсеви за електронско учење и истите се достапни за царинските службеници и деловната заедница преку интернет страната на Царинската управа и на Европската Комисија (DG TAXUD).

## *Наплата на приходи и заштита на финансиските интереси*

### *Обезбедување на ефикасна наплата на приходи*

Се подобруваат капацитетите за администрирање на даночните приходи преку зајакнување на административните ресурси и поефикасно управување со доспеаните даночни обврски на даночните обврзници.

Се следи континуитетот на подобрување на услугите за даночните обврзници според современите пракси на професионални услуги и стандарди на квалитет.

Согласно договореното на ниво на Светската царинска организација, се врши годишно ажурирање на објаснувачките забелешки на Хармонизираниот систем и на Мислењата за распоредување на стока и на Компендиумот за царинска вредност, со очекувано зголемување на ефикасноста при работењето на царинските службеници и поуспешно детектирање на неправилности.

Во активностите за обезбедување на ефикасна наплата на приходи се следи принципот на неселективност и се зајакнуваат капацитетите за ефикасно делување.

- Унапредување и олеснување на постапката за наплата на приходи и обезбедување на царински и акцизен долг

- **Изготвување на предлог Правилник за вршење на отпис на застарени ненаплатливи побарувања**

  Изработен е предлог Правилник за содржината, начинот на водење на царинската евиденција и отписот на увозните и други давачки и даноци што Царинската управа ги наплатува. Правилникот треба да биде доставен од Министерството за финансии за негово усвојување.

  Со донесување на овој Правилник ќе се надмине проблемот со отпис на застерени побарувања што се провлекува од 1999 година. Ќе се воспостави систем за редовен отпис на ненаплатливи побарувања.

- **Имплементација на веб сервис од СОЦДАД за електронско поврзување со Централен регистар за издавање на потврди согласно член 197 од Законот за трговски друштва**

Веб сервисот е имплементирани со извршено тестирање. Функционална примена зависи од воспоставување на неговата примена во Централен Регистар.

Се олеснува постапката на поднесување барање за потврди од даночни обврзници и се заштедува во време и трошоци.

- **Унапредување на подсистемот за приходи (АРС) и за гаранции (ГМС) во рамки на Системот за обработка на царински и акцизни документи СОЦДАД**

  Новите функционалности обезбедуваат намален број на барања за враќање на погрешни уплати од страна на економските оператори. Се олеснуваат административните постапки за Царинската управа и за економските оператори, со намалување на трошоците.

- **Електронско управување со гаранции (сега постапката на поднесување на барања за прифаќање и одобрување на гаранции се спроведува со документи во хартија)**

  Течат активности за воведување на електронска постапка, преку надградба на МЕОС (Систем за управување со одобренија на економски оператори). Ставање во функција планирано до истек на вториот квартал на 2024 година.

**Во периодот јануари-декември 2023 година од увоз и внатрешен промет наплатени се вкупно 117.796,54 милиони денари,** што претставува намалување за 1,1 %, односно намалување од 1.357,2 милиони денари во однос на истиот период во 2022 година кога биле наплатени 119.153,78 милиони денари:

- Царина – 9.077,3 милиони денари наспроти 8.227,8, милиони денари наплатени во 2022 година (зголемување од 10,3 %)
- ДДВ - 73.272,0 милиони денари наспроти 77.425,2 милиони денари наплатени во 2022 година (намалување од -5,4 %)

- ДМВ[1] - 2.166,3 милиони денари наспроти 1.477,0 милиони денари наплатени во 2022 година (зголемување од 46,7 %)
- Акцизи – 32.432,8 милиони денари наспроти 31.155,7 милиони денари наплатени во 2022 година (зголемување од 4,1 %)
- Надоместоци - 848,2 милиони денари наспроти 868,0 милиони денари наплатени во 2022 година (намалување од -2,3 %)

Наплатениот износ на приходи спореден со бројот на вработени во Царинската управа покажува дека се **наплатени приходи од 98.296.418,00 денари по вработен.**

**Во 2023 година донесени се вкупно 1.395 решенија за дополнителна наплата во вкупен износ од 275.839.634,00 денари,** од кои 1.024 решенија по службена должност во вкупен износ од 262.177.323,00 денари и 371 решенија по барање на странка во вкупен износ од 13.662.311.00 денари.

### Акредитација на Царинска лабораторија

Царинската лабораторија се модернизира со екипирање со современа опрема и со воведување на нови методи за анализа, професионално подигање на компетенции на вработените кои извршуваат лабораториски анализи за цели на соодветно царинско распоредување на стока, исправна примена на акцизните давачки и враќање на платени давачки.

Се зема предвид и Прирачникот за царинска лабораторија на Светската царинска организација кој укажува на најдобрите практични спроведувања, почнувајќи од организациона структура, категории на вработени, искористување на просториите на Лабораторијата и расположливата опрема, примена на информатички системи, безбедносни мерки, методи на подготовка на промероци за анализа, препорачани аналитички методи, начин на работење и процедури на поднесување на извештај од извршена анализа.

Продолжуваат и активностите за подготовка за воведување на стандардот ISO/IEC 17025:2017 – „Општи барања за компетентност на лабораториите за тестирање и лабораториите за калибрирање“:

- **Усогласување на документацијата во Лабораторијата со новата верзија од стандардот (ISO 17025:2017), изработка на проект за реновирање на**

[1] Данок на моторни возила

**Лабораторијата и нејзино реновирање за задоволување на техничките барања од стандардот за акредитација на Царинската лабораторија и пристапот кон потребите од проектот на Зелена Царина (Green Customs)**

Документацијата во Лабораторијата е делумно усогласена со новата верзија од стандардот (ISO 17025:2017).

Целосно усогласување на документацијата ќе биде извршено по исполнување на техничките барања од стандардот за акредитација (ISO 17025:2017).

- **Рационализирање на постапките**

Царинската лабораторија континуирано практикува редовна обука на царинските службеници за начинот на земање на мостра за анализа во Царинската лабораторија.

Исто така врши обука на царинските службеници за онлајн базите на податоци SAMANCTA[2] и ECICS[3], за полесно препознавање и распоредување на стоки.

Царинската лабораторија со својата активност обезбедува стручна помош и совети на други служби во посебни постапки што се во надлежност на Царинската управа.

- **Нови методи на анализа**

Воведена е и веќе се применува нова **„Метода за испитување на сулфатна пепел во масла за подмачкување и адитиви - согласно Царинска тарифа"**.

- **Обуки**

---

[2] **SAMANCTA (Samling manual for customs and taxation authorities)** - Прирачник за земање на мостри за царинските и даночните органи, кој содржи информации и упатства за тоа како да се земаат и како да се ракува со мострите за лабораториско испитување

[3] **ECICS (European Customs Inventory of Chemical Substances)** - Европски царински попис на хемиски супстанции е информативна алатка управувана од страна на Генералниот директорат (DG) на Европската комисија за тарифа и Царинска унија. Оваа база им овозможува на корисниците точно и лесно да ги распоредат хемикалиите во Комбинираната номенклатура/Хармонизираниот систем на хемиски производи.

- WEBEX Состанок на работна група за ECICS - Ажурирање и дополнување на ECICS базата на податоци за хемиски соеднинениија
  Со учество на овој состанок вработените во Царинската лабораторија се запознаа со :
  - начинот на работа на работната група која раководи со базата на податоци ECICS,
  - потребата од нов пристап за воведување на нови соединенија во оваа база на податоци,
  - воведување на CUS[4] број во секоја царинска декларација и слично.
- Присуство на Трет симпозиум посветен на нафта и нафтени деривати, организиран од страна на производителот на опрема – ROFA
  На овој Симпозиум беше претставена производната програма на оваа компанија која во соработка со PAC Instruments и Tannas &King (USA) има можност целосно да ја покрие областа за испитување на производите од нафта и нафтените деривати.
- Присутво на Осмиот семинар на европските царински лаборатории
  На овој Семинар беа презентирани најновите трендови за набавка на нови инструменти и користење на прифатливи и поефикасни методи (вклучително и новата метода за испитување на новиот обележувач во гасни масла ACUTRACE), изградба/реновирање на нови и одржливи царински лаборатории со посебен акцент на Зелена Царина (Green Customs).

**Во периодот јануари-декември 2023 година во Царинската лабораторија се примени вкупно 66 мостри за лабораториска анализа :**

- **Во првиот квартал во 2023 година вкупно 5 мостри**: 1 мостра прехранбени производи, 3 мостри од нафтени деривати и 1 мостра од друго (дробен сушен цвет од органски коноп).
  Од извршените испитувања, во еден случај е утврдена промена на тарифната ознака, со утврдени 40.192 денари дополнителна наплата.

[4] **CUS (Customs Union and Statistics number)** - Идентификациски број доделен на хемиски производи во базата на податоци на Европскиот царински попис на хемиски супстанции (ECICS). Овој број се користи за следење и идентификација на хемиски супстанции за царински и регулаторни цели во Европската Унијата.

- **Во вториот квартал во 2023 година примени се вкупно 5 мостри**, сите од нафтени деривати, за кои не е утврдена промена на тарифната ознака. Во 4 случаи, при испитување на мостри на нафтени деривати, иако не е утврдена промена на тарифната ознака, Одделението Царинска лабораторија достави допис до Секторот за контрола и истраги и до Царинската испостава Гевгелија (доставувач на мострите) за потреба од контрола на намената за која се користат ваквите производи, како и запознавање на другите министерства (Министерство за животна средина и просторно планирање, Државен пазарен инспекторат) и други компетентни институции надлежни за животната средина и здравјето на луѓето.
- **Во третиот квартал во 2023 година примени вкупно 23 мостри**: 3 мостри од прехранбени производи, 18 мостри од нафтени деривати и 2 мостри од пластика. Од извршените испитувања на 21 мостра не е утврдена промена на тарифната ознака.
- **Во четвртиот квартал во 2023 година примени се вкупно 33 мостри:** 21 мостра од нафтени деривати, 10 мостри од пластични маси и 2 мостри прехранбени производи.

  Кај една мостра „fuel oil" утврдено е отстапување во еден параметар од квалитетот согласно националниот стандард за мазут. Кај две мостри во транзитна постапка пријавени како базни масла со анализа има промена на тарифна ознака во дизел горива.

  Кај една мостра на прехранбен производ „Frozen Bloody pork trimming 75/25" (земена во претходниот квартал, со резултати од лабораториско испитување во октомври) со анализа е променета тарифната ознака со поголеми царински давачки.

  Од испитувањата за двете нови мостри од прехранбени производи земени во четвртиот квартал не произлезе промена на тарифната ознака, а додека кај седум мостри од пластични маси со анализа е утврдено неправилно распоредување и е променета тарифната ознака.

### ➢ Воведување на постапки и инструменти за соодветно следење на акцизни добра и наплата на акцизни давачки

Планирано е воведување на Track&Trace систем за акцизни добра (нов систем за следење на тутунските производи по принципот на системите што се употребуваат во земјите членки на ЕУ). Track&Trace системот што е воведен во 2019 година за цигари и тутун за виткање и кој од мај 2024 година треба да се применува за сите видови на тутунски производи на ниво на ЕУ,

обезбедува да се следи движењето на законските тутунски производи, на тој начин овозможувајќи им на државните органи да утврдат кога еден производ скршнува и се пласира на недозволен пазар.

Системот ќе придонесе за повисок квалитет, точност и сеопфатност на податоците за следење на тутунските производи, олеснето известување од страна на сите страни кои се вклучени во трговија со тутунски производи, подобро управување со податоците и нивна анализа.

Со примена на системот ќе се намали прометот со тутунски производи за кои не се испочитувани законските прописи, ќе се заштити здравјето, националниот Буџет и економските оператори кои прописно работат.

Во тек се подготвителни активности:

- Проучени се Регулативите на ЕУ поврзани со T&T системот, како и расположливите европски блупринт документи кои го обработуваат T&T системот како инструмент во борба против нелегалната трговија со тутунски производи.
- Во мај е одржана експертска мисија на тема „TAIEX Expert Mission on TRACK & TRACE System according to Tobacco Products Directive (2014/40/EU)“. Обучувачи беа експерти од Португалија и Белгија, кои учествувале во имплементација на Track& Trace системот во нивните земји.
- Во постапка е формирање на меѓуресорска работна група составена од претставници на Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за надворешни работи и Царинската управа.

Во врска со воспоставување на систем за обележување и следење на тутунски производи (цигари) преку системот Track & Trace, Владата донесе заклучок за формирање на работна група задолжена за подготовка на активности за имплементација на системот.

Во постапка е ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволена трговија со тутунски производи.

Воспоставениот календар за годишно зголемување на акцизите кај тутунските производи, новиот систем за следење и контрола на тутунските производи, акциите спроведувани од Секторот за контрола и истраги при Царинската управа ефикасно придонесуваат за сузбивање на нелегалната

трговија со тутун и поголема заштита на здравјето на граѓаните. На панел дискусија „Даночење на тутунските производи" реализирана на 20 ноември во рамки на настан организиран од Светска банка, беше изнесено дека активностите и политиките на Царинската управа се значајна алка во спроведување на здравствените даночни реформи.

## ➢ Примена на тарифни и нетарифни мерки

Меѓународно усогласена номенклатура за тарифно распоредување на стока дава цврста основа за поедноставна примена на меѓународни договори, анализа на глобалната економија за цели на планирање во домен на економски прашања, политика и деловно работење, како и за трговски преговори во меѓународни рамки.

- **Одлуки за распоредување на стоки** - во 2023 се издадени 255 задолжителни тарифни информации (од вкупно 668 важечки во последните три години), за следните видови на стоки: моторни масла, додатоци кон исхраната во форма на таблети и прашок, замрзнати пити непечени и печени и други тестенини полнети, протеински и овошни плочки за исхрана, кутии за храна, водоотпорни шперт плочи, инстант кафе, линија за производство на сок, парен котел, сончев колектор, гранични производи наменети како течност за директна консумација, сендвичи итн.

- **Задолжителни информации за потекло** - има само 2 важечки од вкупните 8 досега издадени во претходниот период.

- **Одлуки за распоредување на стоки согласно Комбинираната номенклатура на ЕУ** - во 2023 донесени се 4 уредби за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување на одредени стока во Комбинираната номенклатура, во кои се транспонирани вкупно 12 регулативи на Комисијата на ЕУ. Регулативите се однесуваат на распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, што се објавени во службен весник на ЕУ во периодот од октомври 2022 година до октомври 2023 година. Истите се однесуваат на следниве видови на стоки: : комплет за автомобил, пластичен прстен намент за ароматизација на пијалокот во шише и преносив пластичен санитарен сад, храна за животни, вински сет, атомизер за електронска цигара, подлога за разладување и витамински бонбони, комплет од мали шолји (4 чашки) од фин порцелан, со нежна глазура, украсени со броеви изведени со уметничка типографија, чинија од фин порцелан,

со нежна глазура, украсена со букви изведени со уметничка типографија и плоснати валани лимови од нелегиран челик, со ширина помеѓу 1 060 и 1 250 mm, намотани на макари.

### *Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефикасно и транспарентно управување со јавните финансии*

Со активностите планирани за среднорочно буџетирање и систем за јавна внатрешна контрола се тежнее кон приоретизирање на развојни проекти за модернизација и прилагодување кон европските стандарди. Расходната страна на буџетот се насочува кон стратешките приоритети и процесите на европска интеграција, при што се земаат в предвид општите цели (поврзани политики), специфичните цели (утврдени програми) и резултатите (поврзани со потпрограмите).

Во процесот на подготовка на буџетот (Буџетски процес и финансиска одговорност), при планирањето се поаѓа од основното сценарио (фискални проекции за вршење на вообичаените надлежности) и новите иницијативи за финансирање (нови проекти и нови финансиски обврски, значителна промена на временска и финансиска рамка на прокетите, како и промени во законодавството кои доведуваат до финансиски импликации по буџетот).

Се делува посветено кон поголема финансиска одговорност со намалување на тековните расходи и придржување кон воспоставените стандарди за трошење и дефинирани критериуми за распределба:

1. Зголемување на ефикасноста и транспарентноста на јавните финансии;
2. Подобрување на буџетскиот процес од буџет заснован на инпути кон буџет насочен кон резултати;
3. Обезбедување на континуирана поддршка за подобрување на финансиската одговорност и капацитет на лицата овластени за преземање на финансиски обврски како главни корисници на одобрените буџетски средства;
4. Примена на дисциплинирана буџетска потрошувачка со акцент на рестриктивност и контрола на помалку продуктивните трошоци за сметка на зголемување на инвестиционите вложувања во капитални проекти и подобрување на инфраструктурата;
5. Зајакнување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола во Царинската управа.

**На крајот од 2023 година се констатира 93,23% искористеност на средствата од расходната страна на Буџетот,** планирани и одобрени за 2023 година. Средствата од буџетската сметка бележат искористеност од 99,44%. Успешно се финансираат вообичаените активности и новите проекти, без отстапување од планираното.

## Олеснување на трговијата

### *Усогласување на националното царинско законодавство со законодавството и најдобрите пракси на Европската унија и дополнителна автоматизација на постапките*

Во Извештајот на ОН - UN Global Survey on Digital and Sustainable Trade Facilitation 2023, што ја оценува состојбата на светско ниво според транспарентност, формалности, институционално уредување и соработка, бесхартиена трговија и прекугранична бесхартиена трговија, се забележува дека во рамки на ЦЕФТА и во нашиот регион Северна Македонија има најдобри резултати, особено во делот на прекугранична бесхартиена трговија.




Според последниот предлог на Европската комисија за реформи во Царината, се настапува со визија за европска царинска служба базирана на податоци и нивна обработка, што значително ќе ги поедностави царинските постапки за економските оператори, посебно за оние кои се имаат докажано како доверливи учесници во царинските постапки и партнери во заложбите за нивно поедноставување и модернизирање. Преку дигитална трансформација се надминуваат досегашните оптоварувачки царински процедури со преориентирање кон надзор на увоз заснован на управување со податоциможност за царинските органи да проценат и запрат внесување на стока за која се увидува дека претставува ризик.

Царинските формалности се прилагодуваат и на современите текови на електронската трговија, со обезбедено подмирување на царинските давачки и ДДВ наплатувани при купување и во сообразност со еколошките, безбедносни и етички стандарди. Се следат следните чекори на ниво на ЕУ каде, меѓу другото, се предвидува креирање на online платформи преку кои ќе се набавуваат стоки со целосно испочитувани царински прописи.

*ВКУПНО ОБРАБОТЕНИ ДЕКЛАРАЦИИ во постапки на увоз, извоз и транзит – царинарници и царински испостави (во период јануари-декември 2023 година)*

| Вкупен број на обработени декларации во 2023 | | УВОЗ | ИЗВОЗ | ТРАНЗИТ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | I. ЦАРИНАРНИЦА СКОПЈЕ | | | | |
| MK001000 | Ц-ца Скопје | | | 6.123 | 6.123 |
| MK001010 | Скопје 1 | 82.497 | 30.239 | 20.942 | 133.678 |
| MK001013 | Скопје 3 | 41.444 | 4.611 | 9.253 | 55.308 |
| MK001014 | Скопје 4 | 25.989 | 7.078 | 12.268 | 45.335 |
| MK001015 | Скопје 2 | 57.269 | 21.802 | 17.595 | 96.666 |
| MK001020 | Слободна Зона - Скопје | 20.448 | 11.280 | 4.330 | 36.058 |
| MK001025 | Пошта Скопје | 4.672 | 202 | 1912 | 6.786 |
| MK001050 | Аеродром Скопје - Отсек стоково царинење | 39.783 | 17.590 | 5.774 | 63.147 |
| MK001051 | Аеродром Скопје - Отсек за патнички промет | 277 | 5 | 7.269 | 7.551 |
| MK001071 | Блаце - Отсек за патнички промет | 42 | 51 | 20.418 | 20.511 |
| MK001075 | Блаце - Отсек за стоково царинење | 11.884 | 19.318 | 968 | 32.170 |
| MK001080 | Тетово | 11.028 | 3.756 | 2.882 | 17.666 |
| MK001091 | Јажинце | 8 | 32 | 0 | 32 |
| | Вкупно Ц-ца СКОПЈЕ | 295.341 | 115.964 | 109.734 | 521.039 |
| | II. ЦАРИНАРНИЦА КУМАНОВО | | | | |
| MK002010 | Куманово | 16.649 | 2.021 | 3.208 | 21.878 |
| MK002021 | Железничка станица Табановце | 0 | 0 | 0 | 0 |
| MK002030 | Табановце автопат - Отсек стоково царинење | 37.969 | 40.009 | 13.741 | 91.719 |
| MK002031 | Табановце автопат - Отсек патнички промет | 2.171 | 396 | 102.622 | 105.189 |
| MK002041 | Пелинце | 4 | 8 | 0 | 12 |
| MK002050 | Деве Баир - Отсек за за стоково царинење | 12.076 | 2.921 | 1.868 | 16.865 |
| MK002051 | Деве Баир - Отсек за патнички промет | 293 | 134 | 25.967 | 26.394 |
| MK002061 | Белановце-Станчич | 464 | 0 | | 464 |
| | Вкупно Ц-ца КУМАНОВО | 69.626 | 45.489 | 147.406 | 262.521 |
| | III. ЦАРИНАРНИЦА ШТИП | | | | |
| MK003010 | Штип | 25.746 | 21.323 | 10.043 | 57.112 |
| MK003030 | Делчево - Отсек за стоково царинење | 8.104 | 4.778 | 522 | 13.404 |
| MK003031 | Делчево - Отсек за патнички промет | 431 | 185 | 5.413 | 6.029 |
| MK003050 | Велес | 9.506 | 3.662 | 1.816 | 14.984 |
| | Вкупно Ц-ца ШТИП | 43.787 | 29.948 | 17.794 | 91.529 |
| | IV. ЦАРИНАРНИЦА ГЕВГЕЛИЈА | | | | |
| MK004010 | Богородица - Отсек за патнички промет | 383 | 80 | 88.607 | 89.070 |
| MK004020 | Гевгелија | 61.080 | 22.716 | 16.966 | 100.762 |
| MK004021 | Железничка станица Гевгелија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| MK004031 | Дојран | 64 | 25 | 30.154 | 30.243 |
| MK004040 | Кавадарци | 13.304 | 10.244 | 11.640 | 35.188 |
| MK004050 | Струмица | 7.303 | 12.361 | 7.245 | 26.909 |
| MK004060 | Ново Село - Отсек за стоково царинење | 6.761 | 1.814 | 57 | 8.632 |
| MK004061 | Ново Село - Отсек за патнички промет | 77 | 73 | 7.059 | 7.209 |
| | Вкупно Ц-ца ГЕВГЕЛИЈА | 88.972 | 47.313 | 161.728 | 298.013 |
| | V. ЦАРИНАРНИЦА БИТОЛА | | | | |
| MK005010 | Битола | 10.726 | 5.987 | 5.211 | 21.924 |
| MK005020 | Меџитлија - Отсек за стоково царинење | 4.917 | 6.262 | 2.890 | 14.069 |
| MK005021 | Меџитлија - Отсек за патнички промет | 113 | 28 | 2.612 | 2.753 |
| MK005030 | Прилеп | 9.677 | 13.119 | 3.063 | 25.859 |
| MK005040 | Охрид | 6.195 | 4.094 | 1.666 | 11.955 |
| MK005010 | Битола | 10.726 | 5.987 | 5.211 | 21.924 |
| MK005020 | Меџитлија - Отсек за стоково царинење | 4.917 | 6.262 | 2.890 | 14.069 |
| MK005021 | Меџитлија - Отсек за патнички промет | 113 | 28 | 2.612 | 2.753 |
| MK005030 | Прилеп | 9.677 | 13.119 | 3.063 | 25.859 |
| MK005040 | Охрид | 6.195 | 4.094 | 1.666 | 11.955 |
| | | | | | |
| | | | | | |
| MK005042 | Аеродром Охрид | 21 | 763 | 3 | 787 |
| MK005051 | Свети Наум | 3 | 0 | 0 | 3 |
| MK005060 | Струга | 9.162 | 3.242 | 1.474 | 13.878 |
| MK005070 | Ќафасан- Отсек за стоково царинење | 21.706 | 5.198 | 104 | 27.008 |
| MK005071 | Ќафасан- Отсек за патнички промет | 273 | 16 | 25.565 | 25.854 |
| MK005081 | Стење | 51 | 0 | 21 | 72 |
| MK005091 | Блато | 79 | 25 | 115 | 219 |
| | Вкупно Ц-ца БИТОЛА | 62.923 | 38.734 | 42.724 | 144.381 |
| | Вкупно 2023 | 560.649 | 277.448 | 479.386 | 1.317.483 |

*Царински декларации поднесени од компании кои се носители на одобрение за Овластен економски оператор - ОЕО*

Обработени декларации поднесени од овластени економски оператори учествуваат со 36,57%, во однос на вкупен број на обработени декларации. Увозни декларации учествуваат со 36,88%, во однос на вкупен број на увозни царински декларации за 2023 година. Извозните декларации учествуваат со 35,94% во однос на вкупен број на извозни декларации за 2023 година.

## УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ ДЕКЛАРАЦИИ ПО КАНАЛИ (Q1-Q4 2023)

## УВОЗ:

- Увозни декларации на зелен канал во првиот квартал учествуваат со 67,8 % од вкупен број на обработени увозни декларации, во вториот квартал со 67,3 %, во третиот квартал со 66,7% и во четвртиот квартал со 66,3 %.
- Увозни декларации на жолт канал во првиот квартал учествуваат со 23,3 % од вкупен број на обработени увозни декларации, во вториот квартал со 24,4 %, во третиот квартал со 25,6% и во четвртиот квартал со 25 %.
- Увозни декларации на црвен канал во првиот квартал учествуваат со 8,9 % од вкупниот број на обработени увозни декларации, во вториот квартал со 8,3 %, во третиот квартал со 7,7% и во четвртиот квартал со 8,7 %.

## ИЗВОЗ:

- Извозни декларации на зелен канал во првиот квартал учествуваат со 97,2 % од вкупниот број на обработени извозни декларации, во вториот квартал со 97,9 %, во третиот квартал со 97,4 и во четвртиот квартал со 98 %.
- Извозни декларации на жолт канал во првиот квартал учествуваат со 1,9 % од вкупен број на обработени извозни декларации, во вториот квартал со 1,9 %, во третиот квартал со 2,4% и во четвртиот квартал со 1,7 %.
- Извозни декларации на црвен канал во првиот квартал учествуваат со 1% проценти од вкупниот број на обработени извозни декларации, во вториот квартал со 0,2 %, во третиот квартал со 0,3% и во четвртиот квартал со 0,3 %.

### *Дозволи издадени преку EXIM*

Во 2023 година **преку ЕХИМ надлежните институции имаат издадено вкупно 116.488 увозни, извозни и транзитни дозволи**, со просечно време на добивање на дозвола од 0,5 ден.

### *Број на товарни моторни возила*

Преку граничните премини на Република Северна Македонија во 2023 година поминале вкупно 1.351.638 ТМВ (847.211 полни ТМВ и 504.427 празни ТМВ). Најголем дел од сообраќајот е остварен на граничните премини со Грција (402.104 ТМВ-221.289 полни и 180.815 празни) и Србија (382.336 ТМВ-309.964 полни и 72.372 празни).

| Број на товарни моторни возила преку граничните премини | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Косово | | | Србија | | | Бугарија | | | | Грција | | | | Албанија | | | | | |
| Вид на промет | Блаце | Јажинце | Вкупно | Табановце | Пелинце | Вкупно | Делчево | Деве Баир | Ново Село | Вкупно | Богородица | Меџитлија | Дојран | Вкупно | Ќафасан | Свети Наум | Стење | Блато | Вкупно | |
| Влез | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Полни | 27.733 | 0 | 27.733 | 139.695 | | 139.695 | 5.782 | 54.129 | 12.578 | 72.489 | 107.091 | 33.285 | 37.118 | 177.494 | 41.365 | 0 | 0 | 92 | 41.457 | |
| Празни | 89.697 | 4.000 | 93.697 | 21.520 | 316 | 21.836 | 6.904 | 5.642 | 9.793 | 22.339 | 18.525 | 4.133 | 4.283 | 26.941 | 20.813 | 60 | 798 | 2.144 | 23.815 | |
| Излез | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Полни | 95.506 | 0 | 95.506 | 170.269 | | 170.269 | 6.474 | 18.943 | 15.232 | 40.649 | 31.154 | 2.529 | 10.112 | 43.795 | 36.768 | 0 | 620 | 736 | 38.124 | |
| Празни | 13.271 | 8.307 | 21.578 | 49.238 | 1298 | 50.536 | 10.851 | 32.304 | 15.720 | 58.875 | 100.597 | 33.495 | 19.782 | 153.874 | 29.938 | 37 | 193 | 768 | 30.936 | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Полни | 123.239 | 0 | 123.239 | 309.964 | | 309.964 | 12.256 | 73.072 | 27.810 | 113.138 | 138.245 | 35.814 | 47.230 | 221.289 | 78.133 | 0 | 620 | 828 | 79.581 | **847.211** |
| Празни | 102.968 | 12.307 | 115.275 | 70.758 | 1.614 | 72.372 | 17.755 | 37.946 | 25.513 | 81.214 | 119.122 | 37.628 | 24.065 | 180.815 | 50.751 | 97 | 991 | 2.912 | 54.751 | **504.427** |
| **Вк. полни и празни по земји** | | | 238.514 | | | 382.336 | | | | 194.352 | | | | 402.104 | | | | | 134.332 | **1.351.638** |

## Подготовка на нова и измена на тековната законска регулатива

### *Законски прописи со кои се регулираат царинските постапки и формалности*

**Измени и дополнувања на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка**

Подготвени се измени и дополнувања на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка, со кои ќе се изврши ратификација на Одлуките на Мешовитата

комисија. Предлог на  Закон за ратификација на измените и дополнувањата е во собраниска процедура.

**Измени и дополнување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри што се употребуваат при пополнување на царинската декларација**

Донесен е Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација, со кој се воведуваат шифри за ослободување од плаќање на увозни и други давачки и даноци наменети за реализација на проекти и шифра за пресметковна декларација.

Се подготвуваат измени и дополнување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација, за усогласување на одредбите за пополнување на транзитната декларација со прилозите од Уредбата за спроведување и Делегираната уредба на Унијата.

До крајот на 2024 година предвидено е донесување на **нов Царински закон** со кој се регулираат нови дигитални постапки, нови одобренија, право на сослушување кога се носи негативна одлука, нови термини на царински постапки, нови дигитални системи (усогласување со новиот Царински закон на Унијата).

До крајот на 2025 година планирано е донесување на **Уредба за спроведување на новиот Царински закон** со која се пропишуваат услови, критериуми, рокови за постапување според новиот Царински закон.

Ќе се подготват и **упатства за спроведување на новиот Царински закон** (за увоз, извоз, транзит, гаранции, внес на стока на царинско подрачје и др.).

Подготвен и доставен до Министерството за финансии е **Предлог за измени и дополнување на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки,** со кој се врши ревидирање на комисиите пропишани со Законот, пропишување на услови за издавање на објекти на граничен премин, олеснување на условите за стекнување на лиценца за вршење на работи на застапување во царинските постапки, подобрување на текстот и пропишување и прецизирање на одредени потешкотии во примената на истиот.

Изготвена е **Стратегија со Акциски план за унапредување на поволностите на имателите на одобренија за овластен економски оператор 2024-2026** (со планирани активности), која е значајна за изнаоѓање на прифатливи решенија за давање поволности поврзани со предност при спроведување на контроли и помалку документарни и физички контроли, како и соработката со другите државни органи што еден од клучните елементи за унапредување на поволностите и самата ОЕО програма.

## *Законска регулатива со која се уредуваат акцизите за добрата подложни на акциза*

Во четвртиот квартал 2023 година стапија во сила **измени и дополнувања на Законот за акцизите** (Сл. весник бр. 209/2023), со кои е направено доусогласување со европското законодавство од областа на акцизите.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите се направени измени во делот на тутунските производи, во насока на усогласување на минималната вкупна акциза на цигарите со минималната во ЕУ, како и усогласување на минималната акциза на тутун за пушење со минимално пропишаните износи во ЕУ. Овие измени произлегуваат од Директивата (ЕУ) 2011/64 на Советот од 21 јуни 2011 година за структурата и износот на акциза за тутунски производи, со која се пропишани минималните износи на акциза за тутунските производи.

Усогласувањето на минималните износи на акциза за тутунските производи се врши постепено, со воведување на нов акцизен календар со кој износот на акцизата на цигарите и другите тутунски производи, ќе се усогласи со споменатата Директива заклучно со 2030 година.

Дополнително се доуредени членовите од Законот за акцизите во делот на денатурираниот алкохол, со што е направено усогласување со Директивата (ЕУ) 2020/1151 на Советот од 29 јули 2020 година за изменување и дополнување на Директивата 92/83/ЕЕЗ за усогласување на структурите на акцизите за алкохол и алкохолни пијалаци. Со измените извршено е дополнување на одредбите за постапката на денатурирање на етил алкохол и неговата употреба, се олеснува постапката за издавање на одобрение за повластен корисник, уредено е воведувањето на растителен билен производ за пушење по пат на загревање, независно дали содржи или не содржи никотин, кој ќе подлежи на акциза.

Во делот на водење на прекршочна постапка, ревидирани се прекршоците поврзани со акцизите и извршено е нивно раздвојување согласно тежината на прекршокот.

Во декември 2023 година, до Министерството за финансии се доставени **предлог за измена и дополнување на Правилникот за начинот на оданочување со акциза на алкохол и алкохолни пијалаци и тутунски производи** и **Правилникот за начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија**.

## *Регулирање на постапките со интерни документи (подготовка на нови и ревидирање на веќе постоечки упатства, процедури, насоки, прирачници)*

### Царински постапки

- **Измена на Упатство за привремено чување на стока и збирна декларација**

  Се воведува можноста за задолженост на банкарската гаранција за привремено чување со износ соодветен на вкупниот процент на давачките (увозни и други давачки и даноци), доколку иматело на одобрение има систем и води евиденција за стоката во привремено чување по тарифни ознаки. Истовремено, извршено е допрецизирање на измените на одобрение и начинот на постапување по поднесено барање за измена на одобрение.

### Акцизни постапки

- **Упатство за движење на акцизни добра**

  Поблиску се уредуваат постапките на движење на акцизните добра, пополнувањето на електронскиот административен документ и постапувањата на трговците и царинските службеници.

- **Упатство за враќање на акциза за обележано гасно масло и течен нафтен гас употребени во индустријата и домаќинствата**

  Се уредува начинот и постапката што ги спроведуваат надлежните организациони единици на Царинската управа на Република Северна Македонија и Комисијата за контрола на исполнување на условите за

регистрација на корисник за враќање на акцизата, при враќање на дел од акцизата за обележано гасно масло, употребено за греење во домаќинствата или во процес на производство и течен нафтен гас (ТНГ) употребен како погонско гориво во процес на производство или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво во индустријата на лицата кои имаат право на враќање на дел од платената акциза.

### Издадени одобренија за поедноставени царински постапки

По истек на 2023 година вкупно има:

- 1.018 одобренија за застапување во царински постапки (6 нови/нема укинати),
- 87 активни одобренија за царинско складирање (6 нови/нема укинати),
- 161 одобрение за увоз за облагородување (9 нови/5 укинати),
- 14 одобренија за извоз за облагородување (2 нови/нема укинати),
- 76 одобренија за поедноставени постапки, од кои 50 се одобренија за поедноставени постапки при увоз и 57 се одобренија за поедноставени постапки при извоз (1 ново за поедноставени постапки при увоз/1 укинато за поедноставени постапки при извоз),
- издадени се 172 одобренија за поедноставување на постапката за докажување на потекло (статус на одобрен извозник, 144 активни/4 нови/28 укинати) и
- 191 одобренија за поедноставена транзитна постапка од кои 8 се новоиздадени, а 7 укинати. Од нив 67 се одобренија за овластен примач (новоиздадени се 2, укинати нема). Одобренија за овластен испраќач се 39 (новоиздадени се 2 и 3 укинати). Одобренија за општа транзитна гаранција се 85 (4 се новоиздадени, а 4 укинати).

По истек на 2023 година има 62 акцизни дозволи (2 нови/нема укинати),

- 5 одобренија за мали независни пиварници (нема ново/нема укинато),
- 4 одобренија за мали дестилерии (1 ново/нема укинати),
- 208 одобренија за повластен корисник на акцизни добра (4 нови/2 укинати),

- 2 одобренија за акцизни обврзници на нафтен кокс (нема ново/нема укинато),
- 28 одобренија за земјоделци - мали производители на жестоки алкохолни пијалаци (8 нови/нема укинато),
- 101 одобренија за корисници на акцизни марки (11 нови/нема укинато),
- 43 одобренија за дистрибутери, трговци на големо и мало (5 нови/нема укинато) и
- 269 одобренија за враќање на акциза (37 нови/нема укинато) и 17 трговци со обележано гориво (3 нови/нема укинато).

## ➢ Дигитализирани процеси и услуги

Број на регистрирани надворешни корисници (вкупно активни и нови 2023)

| Регистрирани надворешни корисници | | Број на корисници 2023 | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | 2023 / 22 +/- | УДЕЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СОЦДАД | 2023 | 3.362 | 60 | 52 | 44 | 40 | 196 | 27% |
| EXIM | | 8.351 | 119 | 130 | 99 | 137 | 485 | 67% |
| НКТС | | 179 | 6 | 5 | -8 | 1 | 4 | 1% |
| ПЕК | | 539 | 5 | 3 | 2 | 2 | 12 | 4% |
| ТОТАЛ | | 12.431 | 190 | 190 | 137 | 180 | 697 | |

Се продолжува со активностите за повисоко ниво на автоматизација преку развој на нови системи за **интероперабилност со системите на ЕУ и системите од националниот владин домен:**

- **Развој и имплементација на измените на Новиот Компјутеризиран Транзитен Систем – Фаза 5** и имплементација на новата архитектура на Системот за интеркомуникација со европските системи

  Треба да се изврши услогласување со Царинскиот законик на Унијата (транзитна декларација со намален сет на податоци, прилагодувања на податоците од Царинскиот закон на Унијата со усогласувања со ЕУ моделот на царински податоци, нови правила околу транзитни

гаранции), да се овозможат нови ИТ врски (усогласување со нови барања околу регистрирање на „en route“ настани, развој на потребни интерфејси со нови системи за поддршка, развој на хармонизиран интерфејс со нови системи за поддршка), ИТ транзиција (развој на интерфејс хармонизиран со AES- Автоматизиран систем за извоз, усогласување со барања за поднесување на транзитни декларациии пред ставање на стоката на увид, транзиција помеѓу НКТС фаза 4 и НКТС фаза 5 од аспект на процесирања, размена на пораки и ИТ системски операции).

Проектот за развој и имплементација на NCTS 5 официјално започна кон крајот на април 2023 година со потпишување договор со надворешен изведувач. Царинската управа подготви Национален проектен план за имплементација што беше ревидиран со Изведувачот во согласност со нивниот проектен план. Рокот за пуштање во продукција на новиот НКТС 5 е почеток на четвртиот квартал од 2024 година.

Царинската управа во соработка со изведувачот ја дефинираше Транзитната стратегија, по што беа информирани надлежните тела на DG TAXUD.

Согласно спроведената анализа за потребните интерфејси за поврзување на НКТС 5 со останатите царински системи, изведувачот заедно со одговорната Работна група го подготвува документот за интеграции со СОЦДАД, ИТО и со ЕКСИМ.

Воспоставено е поврзување на Царинската управа со CCN/CSI, како и ieCA & CTA CONF, системи потребни за спроведување на тестирањата на новиот систем. По завршување на инсталацијата на новиот систем НКТС 5, ќе продолжат тестирањата кои се дел од MODE1 по што ќследат MODE2 и MODE3 тестирања.

Предвидени се обуки за користење на НКТС 5 за царинските работници, како и за економските оператори.

Транзицискиот период на ниво на ЕУ завршува во јануари 2025 година.

- **Развој и имплементација на националниот домен на Системот за регистрација и идентификација на економските оператори (Систем EORI 2)** - го олеснува регистрирањето на економските оператори наведено во членот 9 од Царинскиот законик на Унијата) и Единствено управување со корисниците и дигиталните сертификати (UUM&DS –

Обезбедува услуги за управување со дигиталниот идентитет и пристапи за економските оператори во Европската унија) – во тек подготовка, изготвена техничка спецификација;

- **Надградба на системот Интегрирана тарифна околина (ИТО)**

Во рамки на годишниот договор за одржување на системот ИТО заклучно со септември 2023 година овозможено е управување со привилегиите на корисниците на системот преку LDAP протокол (AD - active directory) на ЦУ, поврзување на ИТО системот со АД на ЦУ, како и измена на постојните и креирање на нови улоги во системот. Поставена е алатка за креирање на audit log на апликативно ниво, која нуди информации за сите активности (измена на податоци, бришење и креирање на нови податоци вклучувајќи адреси од каде се поврзал корисникот на системот). Во функција е ставен Модулот за управување со примероци на печати, пломби и потписници на царински органи и други тела учесници во царински постапки, со адаптација на модулот на потребите на царината на национално ниво. Во тек е подготовка на упатство за примена на овој модул. Се надоградува Модулот за електронско поднесување на Барање за задолжителна тарифна информација (ЗТИ) и негова интеграција со системот за спроведување на извозни и увозни постапки (СОЦДАД). Се изработуваат нови или се вршат измени и надградби на воспоставените интерфејси за комуникација (веб сервиси) со другите ИТ системи во зависност од потребите.

На месечно ниво се следи безбедноста на системот, со доставување на извештај за направената проверка и преземените активности со предлог насоки за унапредување. Треба да се обезбедат консултантски услуги за развој на нова верзија/адаптација на модулите на ИТО системот за примена на Царинскиот закон на Република Северна Македонија, усогласен со Царинскиот законик на Европската унија.

- **Развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (National Single Window)**

Овој систем ќе овозможи хармонизација на процесите и податоците за обработка на дозволите од прекуграничниот проток на стоки, применувајќи ги при тоа прописите и техничките спецификации, согласно стандардите и практиките на ЕУ.

Преку изработка на соодветни интерфејси, во NSW се очекува да бидат соодветно интегрирани националните ИТ системи што се користат во Царинската управа и другите владини институции, а кои опфаќаат бизнис процеси од прекуграничниот проток на стоки.

Сето ова има за цел обезбедување на поефикасна комуникација помеѓу институциите и овозможување на бројни придобивки за бизнис заедницата, во однос на поедноставување и забрзување на прекуграничната трговија. Проектот е финансиран со кредит од Светска банка.

По успешно завршениот блупринт во 2021 година, започна следната фаза на проектот која предвидува развој и имплементација на системот.

Оваа фаза започна во јануари 2023 година, со потпишување на Договор за техничка поддршка при развој и имплементација на NSW со избраниот консултантски конзорциум. Консултантот ќе овозможи консултантски услуги во сите фази на проектот.

Во текот на изминатата година, во соработка со консултантскиот конзорциум интензивно се работеше на изготвување на техничката спецификација како дел од тендерската документација за набавка на хардвер и софтверско решение за системот. Постапката за набавка се очекува да биде реализирана во текот на 2024 година, кога треба да се склучи договор со најповолниот изведувач на системот. Воедно, во текот на 2023 година, во соработка со консултантскиот тим започнаа и активности околу подготовка на новиот нацрт-закон за воспоставување на едношалтерскиот систем, кој ќе претставува законска основа за негово имплементирање и ставање во функција.

- **Имплементација на националниот домеин на Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД)**

Со унапредување на Системот за царински одлуки ќе се овозможи целосно електронско поднесување на барање за донесување на одлуки и нивно електронско издавање, прикачување на доказите потребни за одлучување и усогласување со податочни побарувања за барања и одлуки, како што е предвидено во Царинскиот закон на ЕУ, како и воведување на нови барања и одлуки, како за гаранции, одобрен извозник. Во тек е подготовка на спецификации за секое поединечно побарување поврзано со Системот за царински одлуки.

Измените на Системот за царински одлуки подразбира и измени и унапредување на Системот за управување со референтни податоци и нивно поврзување во однос на проверка на условите за издавање секоја конкретна одлука.

Во тек се активности за воведување на електронска постапка преку надградба на МЕОС (Систем за управување со одобренија на економски оператори), со воведување на можност да се поднесуваат барања за одобрение за одобрен извозник, барања за одобрение за сметководствено раздвојување и барања за издавање задолжителна информација за потекло. Ставање во функција е планирано за 2024 година.

Исто така започнати се активности за надградба на МЕОС-от и кај одобренијата за овластен економски оператор, како конфигурација на тајмер за „автоматско прифаќање на барањето за ОЕО", воведување на нови акции и статуси на ОЕО одобренијата.

**Унапредување на Системот за увоз и извоз во СОЦДАД**

Во насока на следење на најдобрите практики во ЕУ, како и во насока на натамошно олеснување и забрзување на царинските постапки, во овој период во подготовка е надградба на системот за овозможување на измени на декларации после нивно завршување, односно имплементација на измена на декларација по извршена дополнителна контрола, како и имплементација на автоматска распределба на квота во случај на делумна распределба.

- **Пристапување кон апликацијата е-РОС** (алатка што ја развива Европската унија за електронска заверка на доказите за потекло – уверенија за движење ЕУР.1)

Со оваа апликација ќе се овозможи електронски да се заверуваат ЕУР.1 обрасците во земјата на извоз, потоа тие е-докази ќе се прифаќаат во земјата на увоз и дополнително ќе се развие и електронска размена на преписката поврзана со верификација на сите докази за потекло во трговијата со ЕУ и земјите во регионот.

Претставниците на ЦУ редовно учествуваат на состаноците на работната група за развој на системот е-Рос каде се презентираат и разгледуваат документите кои се предмет на овој проект.

Согласно изработената Физибилити студија за имплементација на системот е-Рос, негово пуштање во продукција е планирано за Q1 2027 година кога Царинската управа ќе добие пристап кон системот.

## Достапност на ИТ системи

| Систем | | Вкупно работни часови | Број на прекини | Прекини во часови | Процент на прекини | Процент на достапност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СОЦДАД | **2023** | 8.760 | 53 | 38,44 | 0,44% | 99,56% |
| НКТС | | 8.760 | 16 | 3,53 | 0,04% | 99,96% |
| ИТО | | 8.760 | 1 | 0,5 | 0,01% | 99,99% |
| ЕКСИМ | | 8.760 | 8 | 22,29 | 0,25% | 99,75% |

## Поднесени пријави преку Сервисниот деск

Во 2023 година се поднесени 420 пријави за инциденти со хардверска опрема и мрежни проблеми и 6.267 пријави за софтверски и бизнис проблеми.

### ➢ Осовременета ИКТ инфраструктура

Планиран е **развој и имплементација на податочен склад (Data Warehouse).** Имплементацијата на податочниот склад има за цел да обезбеди централизирана база на еднозначни и квалитетни податоци како основа за квалитетен процес на одлучување и во крајна линија подобрување на деловните процеси во Царинската управа за подобра заштита на домашниот пазар.

Овој проект ќе се финансира преку грант добиен од Владата на Република Кореја, за што во октомври 2023 година беше потпишан Меморандум за соработка.

Континуирано тече воспоставувањето на **Податочниот центар за опоравување од катастрофи (Disaster Recovery)** за обезбедување на неопходните побарувања и стандарди за заштита на податоците, обезбедување на соодветна заштита на системите од непогоди, како и континуитет во работењето. Ќе ги опфати сите ИКТ системи на Царинската

управа. Во почетокот на 2024 во план е да се префрли Системот за процесирање декларации и акцизни документи на оваа заштитна локација.

Оддалечената локација за опоравување од катастрофи е изградена во Прилеп и со неа управува Министерството за внатрешни работи.

## Унапредување на бизнис опкружувањето и олеснети услови за тргување

### *Регионална економска соработка*

- Деловно опкружување кое заштедува трошоци и време при тргување

Отворен Балкан како иницијатива во која членуваат Северна Македонија, Албанија и Србија има за цел да го промовира и да го развива капацитетот на регионот и да донесе конкретни придобивки за граѓаните и за бизнисите, преку зајакната економска соработка и унапредување на слободата на движење на луѓе и добра.

Примарен интерес на нашата земја во регионалната соработка е да се развиваат практични мерки кои го олеснуваат секојдневниот живот на граѓаните и ги отстрануваат бариерите за полесна трговија, повеќе инвестиции, поголема мобилност на човечкиот капитал и побрза дигитализација и модернизација на Западен Балкан.

Целосна дигитализација на царинското работење е од голема важност за олеснување и забрзување на легалната трговија и подобрување на конкурентноста на компаниите на меѓународниот пазар. Од дводневната конференција „Унапредување на соработката во дигиталната ера", одржана од 8-9 ноември 2023 година во Тирана, во организација на Царинската управа на Албанија со поддршка на ГИЗ, произлезе заклучок дека е потребно да се унапреди соработката меѓу граничните институции на ниво на Западен Балкан, како чекор кон приближување и приклучување кон заедничкиот пазар на ЕУ.

Нашата делегација предводена од заменик директорот Асани го изнесе проектот за имплементација на новиот Национален едношалтерски систем, со кој целосно ќе се трансформира начинот на прекуграничната трговија, со овозможени побрзи и поефикасни процеси на царинење, со скратено време на царинење, намалени трошоци за компаниите и зголемена наплата на приходи.

И во оваа пригода беа потенцирани поволностите за компаниите со статус на овластен економски оператор.

## Имплементација на заедничките проекти и активности планирани во рамки на ЦЕФТА, иницијативата Отворен Балкан или со билатерални договори

1. Меѓусебно признавање на одобренијата за **Овластен економски оператор**

На крајот на 2023 година има вкупно **27 важечки одобренија за статус на овластен економски оператор**. Во 2023 година е издадено 1 ново одобрение.

### Проект за Рамка за Овластен економски оператор

Во рамките на проектот Рамка за ОЕО, ЦЕФТА страните се охрабруваат заеднички да се применува овој концепт и да се создаде взаемна поврзаност помеѓу концептот на ОЕО и системот предложен за имплементација на Одлуката за олеснување на трговијата со овошје и зеленчук.

Во организација на ГИЗ - Германско друштво за меѓународна соработка, во Валона во септември 2022 година одржана е првата регионална конференција за зајакнување на соработката меѓу царинските администрации и фито агенциите во Рамката за овластени економски оператори (ОЕО) во ЦЕФТА.

Во мај 2023 година се одржа втор регионален состанок во Бања Лука, со цел да се зајакне регионалната соработката и да се подобри соработката меѓу царинските администрации и другите државни органи во рамките на програмата Овластен економски оператор. Од сите ЦЕФТА страни се прифати предлогот за формирање на заедничка работна група од претставници на царинскиот орган, агенциите и претставници на иматели на одобренија за ОЕО, како добар почеток на заедничката соработка. Работната група треба да има точно назначени членови со нивни заменици, како и точни цели и рокови за работа, за да се најдат заеднички точки и области на соработка на царинските органи со наведените гранични агенции во делот на ОЕО. Во моментов продолжуваат зададените активности на работната група.

На 13 декември се одржа настанот Концепт на овластен економски оператор (ОЕО): Улога и учество на релевантните државни институции во неговата примена, во организација на Царинската управа на Република Северна

Македонија и во соработка со Активноста на УСАИД Партнерства за економски раст. Целта на настанот беше претставување на концептот на овластен економски оператор и институциите подобро да се запознаат со целите и суштината на концептот за ОЕО и во соработка со Царинската управа да бараат начин како да придонесат кон олеснување на прекуграничното движење на овластените економски оператори.

### ЦЕФТА база на податоци за имател на ОЕО одобренија

Во јуни 2023 година се одржа почетна средба на Проектот ЦЕФТА база на податоци за иматели на ОЕО одобренија. Целта на овој проект е да се развие и имплементира ИТ систем за редовна и систематска размена на податоци меѓу ЦЕФТА страните, како што е пропишано со Дополнителниот протокол 5 на ЦЕФТА Договорот и неговите технички анекси, притоа усогласувајќи ги поврзаните законски и регулаторни барања и обезбедувајќи техничка помош, поддршка и одржување во текот на периодот на спроведување на проектот.

ЦЕФТА централната база на податоци за ОЕО ќе го олесни споделувањето на податоци и документи за ОЕО помеѓу царинските управи на ЦЕФТА страните и ќе ја подобри нивната соработка во остварувањето на придобивките на имателите на ОЕОС одобрение.

Во средината на септември 2023 година во Будва се одржа регионален состанок на царинските администрации од ЦЕФТА регионот, на кој  се разгледуваа 3 предлог документи: Протокол за размена на информации (Data Exchange Protocol), Детални Функционални побарувања (Detailed Functional Requirements) и Извештај за активностите (Inception Report). Целокупната документација од изведбата на системот ќе биде доставена на разгледување до царинските администрации со цел успешно се спроведе делот на поврзување со националните ИТ системи и да се воспостави протоколот за размена на податоци помеѓу централната база за евиденција на АЕО со националните системи на ЦЕФТА страните.

Покрај известувањата за корисниците, сите промени во статусите и дополнувањата на ОЕО ќе бидат префрлени и на платформата SEED+.

Целта е да се искористи опфатот и можностите на платформата SEED+ за поефективна размена на информациите за ОЕО. Ажурираните податоци за ОЕО ќе им овозможат на царинските службеници, кои веќе имаат пристап до базата

на податоци SEED+, веднаш да бидат информирани за промените во статусите на ОЕО. Ова ја елиминира потребата царинските службеници одвоено да пристапуваат до централната база на податоци на ОЕО за да ги проверат статусите на ОЕО, намалувајќи го товарот на нивните постапки.

Базата е веќе воспоставена, податоците се споделени и внесени и одржана е обука за администраторите и корисниците на истата.

2. Проширена мрежа на **зелени коридори**, со достапност 24/7 и воведување на зелени коридори со ЕУ

Зелените коридори овозможуваат да се олесни транспортот на стока и се уважуваат како механизам на поддршка на деловното работење, преку воведување на електронски услуги и систематска размена на електронски податоци (SEED+), што води кон повисоко ниво на тргување без примена на документи во хартија. Тоа е воедно и концепт на поблиска соработка со Европската унија.

Според податоците за првата половина од 2023 година[5], со примена на зелените коридори во рамки на ЦЕФТА се намалува времето на чекање на граница во просек 10 минути по камион, со што се заштедуваат 5.459 дена споредбено со 2022 година.

Се разгледуваат можности за понатамошно проширување на Зелените коридори кон земјите со ЕУ, особено со Бугарија.

3. Воведување на **заеднички гранични контроли** на селектираните гранични премини и намалување на времето на чекање на граничните премини до 70% од сегашното време на чекање

*Гранични премини со Србија*

Во текот на месец јуни 2023 година беше извршена реконструкција и пренамена на залените површини на меѓупросторот помеѓу Табановце и Прешево, како и проширување и зголемување на бројот на ленти на самата гранична линија, за добивање на подобра прегледност и поголема проточност на возила на просторот пред самите гранични премини Табановце и Прешево.

[5] https://cefta.int/news/cefta-transport-community-green-lanes-with-the-eu-mark-first-year-of-implementation/

Во јуни 2022 година на граничниот премин Табановце – Прешево извршени се одредени инфраструктурни зафати со кои покрај подобрување на условите за работа се овозможува истовремено работење на граничните полициски службеници од двете држави во две одвоени бараки, што дополнително влијае на забрзување на протокот на патнички и товарни возила кое е особено важно во тек на туристичката сезона.

Со ставањето на посебни кабини за полициските службеници се овозможи во исто време да се евидентираат две возила, што секако значи многу од временски аспект.

Со проширување на лентите во меѓупросторот се овозможи поголема можност за манипулација на гужвите од возила за влез или излез.

Во изминатиот летен период и покрај големиот налет на патници (туристи), постојано беа покриени сите можни кабини или ленти со полициски службеници од двете држави за побрз проток.

Што се однесува до товарниот сообраќај, во овој момент протокот се одвива согласно динамиката од налетот на превозниците, како и зависно од деновите во неделата, особено во утринските часови од денот, кога превозниците се престројуваат за влез на терминалот. Треба да се напомене дека од големо значење е проширувањето на постоечката една во две ленти при престројување за вагање, која беше тесно грло кога има големи гужви при влез во утринските часови, бидејќи превозниците спијат во меѓупростор, не влегуваат затоа што се плаќа на терминалот по престој повеќе од 3-4 часа, а кои сакаат да царинат на стоково од 07-19 часот. Пред летната сезона оваа година овој проблем е надминат со овозможување на уште една лента за непречен пристап до вагите, и според потреба се работи на една или две ваги. Со оваа инфраструктурна интервенција овозможено е забрзување на проток на товарните возила односно влезот на камионите во царинскиот терминал. Бројот на камиони на влез и излез од државата заклучно со III квартал 2023 година е скоро 266.000 камиони, што во просек би значело скоро 1.000 камиони (влез/излез) за 24 часа.

Неопходно е да се воспостави добра сигнализација за правилно престројување на транспортните возила, нивна поефикасна, поквалитетна и приоритетна обработка, дотолку повеќе што сега имаме и овластени економски оператори кои треба да го имаат најголемиот приоритет во протокот на граничниот премин кај сите служби, како на излезот, така и на влезот на државата.



*Гранични премини со Албанија*

Во јули 2023 година е потпишан имплементациониот протокол за инфраструктура, за овозможување на инфраструктурни услови за функционирање на Договорот за заеднички гранични премини на Ќафасан и одредување на просториите што ќе ги користат пограничните служби на двата гранични премини Ќафасан и Ќафтане. Од 31.07.2023 година Договорот за заеднички гранични премини помеѓу Албанија и Македонија е целосно во функција.

Царинските постапки и процесот на страната на Република Северна Македонија се одвиваат добро, благодарение на добрата инфраструктурна и редоследна поставеност. Царинските постапки од двете страни започнуваат и завршуваат без никакви проблеми. Дополнително во декември 2023 година на Ќафасан поставени се нови кабини за граничните полиции и царинските службеници на Северна Македонија и Албанија, со што се овозможени подобри услови за работење на службите од двете држави.

Царинските постапки и процесот на страната на Република Албанија се одвиваат малку отежнато поради инфраструктурната и редоследна поставеност. На заедничкиот состанок на двете царински служби одржан на 21.08.2023 година, учесниците се сложија дека со преместување на македонската Царина на првата контролна точка во голема мерка би се подобриле царинските постапки и би се овозможило побрз проток на стоки и патници, а и со тоа вагата на албанската Царина би станала функционална.

*Гранични премини со Косово*

Во тек се активности за воспоставување на One Stop Shop на ГП Блаце. Текстот на предложениот Договор меѓу Северна Македонија и Косово за заедничките гранични премини Блаце/Хани Елизит и Јажинце/Глобочица е усогласен со Косово. Договорот е потпишан и ратификуван во парламентот на Република Северна Македонија. По ратификување и во парламентот на Косово, следи преговарање, изготвување и потпишување на имплементациските протоколи за примена на Договорот во пракса.
Согласно договорениот метод на контроли, царинските и граничните контроли на ГП Блаце/Хани и Елизит во иднина ќе се вршат на територијата на Северна Македонија на Блаце, додека царинските и граничните контроли на заедничкиот ГП Јажинце/Глобочица ќе се вршат на територијата на Косово во Глобочица.

4. **Проширена и подобрена примена на управување со ризик во рамки на ЦЕФТА согласно ЦЕФТА Стратегијата за управување со ризици 2020-2024** и систематска размена на електронски податоци (SEED) до сите агенции вклучени во царинење на стока

На Поткомитетот за царина и правила на потекло на ЦЕФТА одржан во ноември 2023 година беше одобрена предлог Одлуката за воспоставување на електронски систем за олеснување на управувањето со ризици во ЦЕФТА, со заеднички профили на ризик во ЦЕФТА, размена на податоци од извештаи за извршени контроли и брзи аларми.

Во СЕЕД системот развиени се модули за заеднички профили на ризик, размена на податоци од извештаи за извршени контроли и брзи аларми.

Исто така продолжија активностите за воспоставување на размена на информации преку SEED системот за ЦЕФТА страните кои не граничат меѓусебно, при што е усогласен текстот на Меморандумот помеѓу Царинските управи на Република Северна Македонија и Црна Гора и се очекува негово потпишување.

Во периодот 03.05-02.06.2023 година беше реализирана Третата заедничка акција помеѓу царинските и фитосанитарни служби од ЦЕФТА страните за контрола на дрвен материјал за пакување, поради што во системите беа имплементирани соодветни профили на ризик и секојдневно се следеа активностите (број на извршени контроли, утврдени неправилности и истите беа внесувани во СЕЕД системот).

Во периодот 04-22.12.2023 година беше реализирана Четвртата заедничка акција помеѓу царинските служби од ЦЕФТА страните за контрола на царинската вредност на детски играчки што се увезуваат од Кина, поради што во системите беа имплементирани соодветни профили на ризик и секојдневно се следеа активностите (број на извршени контроли, утврдени неправилности и внесување на истите во СЕЕД системот).

Како резултат на примена на зелените коридори и ЦЕФТА СЕЕД системот за електронска размена на податоци, времето на чекање на граница е намалено до 7 минути по камион во ЦЕФТА, споредено со 2022 година, што претставува 20 години помалку чекање ако се земе вкупниот број на минувања преку граница во целокупниот ЦЕФТА регион во 2023 година. Дигитализацијата и транспортната инфраструктура можат дополнително да допринесат не само за

заштеда во време при чекање на граничните премини, туку и за зајакнување на економските врски со ЕУ.[6]

5. **Воведување на регионален пазар за е-трговија со усвојување на најважни усогласени правила и принцип на внатрешен пазар**, преку олеснување на царинењето на пратки и надминување на праксата на ограничен пристап (geo-blocking)

### Споделување на електронски напредни податоци (EAD)

На 29 и 30 март во Сараево се оддржа Регионална работилница на тема „Споделување на електронски напредни податоци (EAD)“ помеѓу царинските органи и поштенските оператори во рамките на ЦЕФТА страните, организирана од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ).

Крајна цел е на ниво на ЦЕФТА да се разменуваат електронски напредни податоци (Electronic advanced data – EAD) на поштенски пратки помеѓу операторите и царинските органи. EAD треба да бидат задолжителни како за поштенските пратки, така и за пратките на брзите пошти. Притоа треба да се искористи постоечката инфраструктура за размена на податоци и истите треба да бидат обезбедени однапред, со вклучена анализа на ризик.

Царинските органи треба да овозможат техничка можност на своите постоечки системи да ги примат и да ги обработуваат податоците од дигиталниот CN23. Тие треба да се конвертираат во формат прифатлив за царинските органи.

Преку пилот проекти ќе се воспостави законска рамка за размена на податоци на ниво на пратки помеѓу Пошта и Царина и други учесници, преку Меморандум за разбирање (MoU) и преку билатерални или мултилатерални договори за размена на податоци.

---

6 https://cefta.int/news/transport-connectivity-and-green-lanes-are-vital-for-enhancing-the-trade-within-cefta-and-between-cefta-and-eu-meeting-between-the-acting-director-of-the-cefta-secretariat-danijela-gacevic-and-minist/

## *Заштита на општеството*

Секојдневните активности и операции и реформските процеси се базираат на препораките за внесување на подигнати европски стандарди кон кои се стремат царинските служби во Европската Унија и врз основа на кои се планираат идни активности: нов пристап кон податоците со подобрена нивна размена и поуспешна примена за цели на управување со ризик (подобар квалитет на податоци базирани на комерцијални извори), сеопфатна рамка на соработка, измени во концептот на Овластен економски оператор, нова рамка на одговорност и доверба (ABC model - Authorised, Bonded or subject to greater Control), олеснувања кај електронската трговија со обезбедени соодветни контроли, пакет мерки за зелена Царина, подигнати капацитети на царинските служби за спроведување на бројните мисии.

Во однос на заштитната улога на Царината, околностите постојано се менуваат и големи се очекувањата за гарантирање на безбедноста (бомби, оружје, експлозиви, муниција, стоки со двојна намена, дрога, прекурзори на дрога и сл.), запазување на сигурносните норми за стоката што циркулира во трговската размена (придржување кон фитосанираните и медицински стандарди), заштита од недозволена трговија со тутунски производи и оптек на готовински средства, спречување на недозволена трговија со културното наследство и соодветна заштита на правата на интелектуална сопственост.

### Сузбивање на нелегална трговија и организиран криминал

Се преземаат заеднички активности за подобрување на капацитетите за борба против организиран криминал: унапредено електронско евидентирање и размена на информации на национално и меѓународно ниво, модернизирање на опремата за вршење на гранични контроли, набавка на нови технички средства за видео надзор и за подобрување на мобилноста и капацитетите за брз одговор.

Во мај 2023 година беше донесена **Стратегија за управување со ризици за царински прашања 2023 – 2026** и Акциски план за нејзина имплементација. Стратегијата ги опфаќа клучните цели за справување со ризиците кои може да се јават во однос на царинските прашања, со главна цел да се постигне квалитетен, сеопфатен, ефективен и ефикасен пристап кон управувањето со ризиците. Стратегијата ги утврдува главните стратешки приоритети:

- Зајакнување на капацитетот на вработените за управување со ризици;
- Подобрување на квалитетот на податоците и информатичка поддршка за ефикасно управување со ризиците;
- Обезбедување, достапност и споделување на податоци за управување со ризици, соработка помеѓу институциите и меѓународна соработка;
- Ефективен систем за контрола врз основа на управување со ризици, однапред спроведена проценка, контрола каде што е потребно;
- Унапредување на соработката со бизнис заедницата со цел олеснување и забрзување на легалната трговија.

Во октомври 2023 година беа донесени:

- **Стратегија за спречување на неовластена трговија со наркотични средства, средства кои го загрозуваат здравјето на луѓето 2023-2027,** со Акционен план за 2023-2024 година за спроведување на стратегијата, во која се имплементирани мерки согласно новите предизвици во спречувањето на криумчарење на наркотични дроги;

- **Стратегија за спречување на недозволено трговија со огнено оружје и муниција 2023-2027,** со Акционен план за 2023-2024 година за спроведување на стратегијата, во која се имплементирани заклучоците од Националната стратегија за мало и лесно оружје донесена во март 2023 година.

## Координирани истражни и разузнавачки активности во рамки на електронски работни процеси

- **Систем за управување со контролите и истрагите (CIMS)**

  Новиот интегриран информатички систем во Секторот за контрола и истраги ќе овозможи електронско покривање на работните процеси поврзани со контролните активности, истражните дејствија, разузнавачките активности, управувањето со ризик и другите надлежности на Секторот за контрола и истраги во Царинската управа, поврзани со контроли. Новиот информатички систем треба да ги замени постоечките апликации кои покриваат одредени сегменти од работењето, да покрие процеси кои до сега не се опфатени со постоечките апликациии, хармонизација и стандардизација на податоци, интеграција на процеси, следливост на предмети, подобрување на оперативните процедури.

Се подготвува документација за реализација на проектот во соработка со Делегацијата на Европската Унија. Се очекува да се објави постапка за набавка од страна на ДЕУ во првиот квартал на 2024 година.

- **Набавка на две апликации IBM I2 Analust Notebook concurrent User license + Sofware subscription & Support 12 (со обезбедување на обуки за користење)**

Преку апликација за анализа на податоците „i2 Analyst's Notebook“ се овозможува брзо собирање и структурирање на информациите во прегледна визуелна анализа, што им помага на аналитичарите побрзо да изградат единствена кохезивна интелигентна слика за случаите.

Апликацијата спојува и збогатува големи разновидни податоци за да прикаже јасна, логична и кохезивна слика за луѓе, места, организации, настани итн. и им помага на истражувачите и аналитичарите со најсовремена работна средина да го максимизираат истражувањето на хипотезите и да откријат сознанија, обрасци и скриени односи со холистички поглед од 360°. Истата применува безбедно управување со информации и политики за управување со случаи кои обезбедуваат целосна поделба и безбедна соработка.

Во организација на Советот на Европа и Европската унија се преземени активности за обучување на царинските службеници од Службата за финансиски истраги за примена на апликацијата. Во мај 2023 година е спроведена основна обука за користење на апликацијата, со цел остварување на подобрени крајни резултати од финансиското истражување.

**Во периодот јануари – декември 2023 година Службата за финансиски истраги спроведе 20 финансиски истражувања, против 22 физички лица и 12 правни лица. Во 18 случаи финансиското истражување е спроведено паралелно со активностите на службите кои го истражуваат предикативното дело (паралелни истраги).**

- **Имплементација на активноста „Ефикасно водење на системот за статистички податоци на национално ниво“ (посебна цел 3, мерка 1 од националната Стратегија за борба против перење на пари и финансирање на тероризам 2021-2024)**

Проектот за „Трак рекорд“ е во завршна фаза. Отворена е тендерска постапка пред Делегацијата на Европската Унија која е договорен орган и финансиер на проектот.

- **Воспоставување на сервиси за размена на податоци со други институции**

Преку **Платформата за интероперабилност** што активно се користи за размена на податоци помеѓу институциите на национално ниво, врз основа на склучени договори и меморандуми Царинската управа – Службата за финансиски истраги разменува електронски податоци со Агенцијата за вработување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Министерството за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и администрација – Централен регистар на население, Министерството за правда, Управата за водење на матични книги, Агенцијата за катастар на недвижности, Централниот регистар, Фондот за здравствено осигурување, Управата за јавни приходи, Управа за финансиска полиција и Управа за финансиско разузнавање.

Беа склучени одделни меморандуми за соработка со Управата за финансиска полиција и Агенцијата за национална безбедност, како и Протокол за соработка во постапка со одземени предмети во прекршочна, кривична и управна постапка со Агенцијата за управување со одземен имот.

Царинската управа потпиша исто така меморандуми и протоколи за соработка и размена на податоци со комерцијалните банки кои работат на територијата на нашата земја, што ќе овозможи побрзо и поефикасно добивање на податоци од банките за банкарските трансакции на физичките и правните лица. Во тек е техничкото поврзување со банките.

Во септември, согласно забелешките на експертите од Република Словенија се изработени измени на Процедурата за спроведување на финансиско истражување, по која постапува Службата за финансиски истраги во Одделението за истраги.

Службата за финансиски истраги зема активно учество на работилницата во организација на Управата за финансиско разузнавање, во врска со изработката на новата Национална проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам. Во наредниот период се очекува Службата за финансиски истраги да даде активен

придонес при изработката на Националната проценка на ризик за перење пари и финансирање на тероризам.

Царинската управа партиципира и во работата на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот од 2021 – 2023. Подготвен е Вториот извештај за активностите од Стратегијата реализирани во периодот од април-декември 2022 година и истиот е доставен до Владата.

На Владина седница беше усвоена Информацијата за Вториот извештај со донесување на предлог заклучоци.

Во септември 2023 година се донесени измени на Кривичниот законик во делот на Проширената конфискација, Царинска измама и Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експлозивни материи.

Во ноември 2023 година е одржан состанок на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот од 2021 – 2023 година, на кој е донесен Заклучок за изработка на нова Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот од 2024 – 2028 година. Овој процес ќе биде спроведен со техничка и административна помош на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ).

Службата за финансиски истраги партиципира и во работата на Институционалната мрежа за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија (АФКОС мрежа).

Во декември 2023 година се одржа состанок на Советодавното тело во просториите на Управата за финансиско разузнавање, на кој се разгледа подготовката на Акцискиот план за имплементирање на препораките дадени со Извештајот на Moneyval[7] Комитетот, како и подготовката на Патоказот за спроведување на национална проценка на ризиците од перење пари и финансирање на тероризам.

[7] Комитетот на експерти за евалуација на мерките за спречување на перење пари и финансирање тероризам (тело на Советот на Европа)

## Гранична меѓуагенциска единица

**Граничната меѓуагенциска единица (Border Interagency Unit),** формирана со поддршка на UNODC[8] и во соработка со Светската царинска организација и Интерпол, работи на Меѓународниот аеродром Скопје според стандарди и принципи на селективност на патници, багаж и карго на аеродромите во Република Северна Македонија, а со цел сузбивање на криумчарење на дрога, тероризам, нелегална миграција, како и останати облици на организиран криминал. Оваа единица која започна со работа во април минатата година е составена од 7 царински инспектори и 7 полициски службеници. За успешно имплементирање на целите и задачите организирани се бројни обуки за претставници од Царинската управа и Министерството за внатрешни работи, за зајакнување на капацитетите за размена, обработка и анализа на информации за патници, багаж и карго (за патници кои го користат авио превозот) меѓу државните органи и останатите меѓународни институции.

На 27.02.2023 година потпишан е Меморандум за соработка за спроведување на проектот за комуникација на аеродромите (AIRCOP) и Програмата за контрола на контејнери (CCP) помеѓу Министерството за внатрешни работи и Царинската Управа, со што се уредува статусот на ГМЕ, како и начинот на функционирање на единицата.

Изготвена е Стандардна оперативна процедура од работната група на Министерството за внатрешни работи и Царинската управа, како и договорот помеѓу овие две институции за експанзија на системите и базите на податоци на ИНТЕРПОЛ.

Користејќи ги системите на размена на информации и податоци на Светската царинска организација, ГМЕ е поврзана со 44 земји каде што се формирани вакви заеднички единици.

На тој начин откриен е случај на криумчарење накит во вкупна тежина од околу 700 грама и вредност од околу 3.000 евра. Случајот е предаден на ЦИ Аеродром за понатамошна постапка.

Во друг случај на излез од нашата земја откриен е патник кој се обиде нелегално да изнесе накит со тежина од околу 4 килограми.

За одбележување е откриениот случај на заплена на Обврзници во количина од 184 парчиња со номинална вредност од 500.000 САД долар и вкупна вредност од 92 милиони САД долари.

---

8 Канцеларија на Обединетите нации за борба против дрога и криминал - UNODC

Исто така во тек се истражни активности во врска со откриени фалсификувани британски визи и дозволи за престој што беа откриени кај патници, државјани на Турција чија намера е да се обидат на нелегален начин да остварат влез во Обединетото Кралство.

Сите случаи на прекршување на законот ГМЕ ги отстапува на надлежните истражни служби на ЦУ или МВР.

Во овој период остварена е оценувачка мисија за имплементација на проектот на УНОДЦ, од страна на независни овластени оценувачи, за која мисија се добиени одлични оцени за работењето на ГМЕ.

Направено е техничко доопремување на канцеларијата со воспоставување мониторинг на видео надзорниот систем на Граничната полиција, како и воспоставување на авторизиран влез на сите 14 службеници на ГМЕ во системот I247 на ИНТЕРПОЛ, со што Царинската управа доби за прв пат пристап во официјалните бази на ИНТЕРПОЛ.

Во последниот квартал за одбележување е учеството на годишниот состанок на Управниот одбор на УНОДЦ кој се одржа во ноември во Виена – Австрија, каде беше потенциран напредокот во имплементацијата на проектот, со највисоки оценки.

Исто така беше претставена втората фаза од проектот која ќе започне во април 2024 година и ќе трае до 2028 година, при што покрај зајакнувањето на капацитетите на единицата ќе се започне и со обработка по проектот и на Меѓународниот аеродром Охрид.

Во декември единицата зеде учество во глобална координирана акција на Интерпол, заедно со единиците за сузбивање недозволена трговија со опојна дрога при МВР и царинските мобилни екипи. Примарни цели беа меѓународните аеродроми и сузбивање на криумчарење опојни дроги, со акцент на земјите од Латинска Америка, а во рамките на ЕМПАКТ процесот на Интерпол.

### Сектор за посебни истражни мерки

Секторот за посебни истражни мерки е нова организациона единица во Царинската управа, во која во тек се постапки за ставање во функција на капацитетите во Секторот (опремување, екипирање и стручно оспособување).

Од вкупно 30 работни места во СПИМ, полнети се 4 (четири) работни позиции: помошник директор, оператор, инспектор маркирач и виш инспектор репродуцент.

Изготвени се следните подзаконски акти:

1. Упатство за работа на Одделението за посебни истражни мерки во Царинската управа на Република Северна Македонија (во работна верзија);
2. Процедура за начинот на постапување при иницирање и спроведување на наредбата од посебната истражна мерка „следење и снимање на телефонските и други електронски комуникации“ во Царинската управа (во работна верзија);
3. Оперативни процеси согласно Упатството за внатрешен контролен систем на Царинската управа.

Воспоставена е соработка со Оперативно-техничката агенција (ОТА) и договорени се активностите во делот на обезбедување на соодветна опрема потребна за спроведување на посебните истражни мерки, како и обука на вработените во СПИМ, неопходна за непречено извршување на работните задачи и обврски.

Вработените во СПИМ учествуваа на една обука.
Во соработка со Амбасадата на Обединетото Кралство реализирана е обука за ракување со беспилотни летала и обезбедена е донација на 2 (две) беспилотни летала за потребите на Секторот за посебни истражни мерки.

### Координирани акции за сузбивање на сива економија

Во периодот јануари – декември 2023 година, во заеднички акции со Министерството за внатрешни работи, Државниот пазарен инспекторат и Управата за јавни приходи се вршени контроли на зелените пазари и на продажните места во Скопје каде се продава опрема за пушење наргиле, при што се пронајдени и запленети 547 килограми сецкан тутун за пушење, 2.534 парчиња електронски цигари, 494 килограми тутун за наргиле и 28.580 парчиња цигари, за кои не се платени акцизи.

Во периодот јануари – декември 2023 година, Одделението за истраги во координација со Министерството за внатрешни работи, Државниот пазарен инспекторат, Управата за јавни приходи и Државниот инспекторатот за животна средина изврши повеќе контроли на авто отпади на територијата на Скопје. Беа констатирани повеќе прекршувања на законските прописи во смисла на внесување на територијата на нашата земја и пуштање во промет на патнички

моторни возила со странски регистарски таблички без да бидат платени царинските давачки. Во текот на овие контроли се евидентирани 70 патнички моторни возила за кои е утврдено дека се пуштени во слободен промет без претходно да бидат платени царинските давачки. За истите се поднесени соодветни поднесоци до надлежното обвинителство.

Во периодот јануари – декември 2023 година Одделението за истраги, во координација со Министерството за внатрешни работи, Државниот пазарен инспекторат, Управата за јавни приходи и Агенција за пошти изврши повеќе контроли на брзи пошти на територијата на Скопје. Беа констатирани повеќе прекршувања на законските прописи во смисла на внесување на територијата на нашата земја и пуштање во промет на пратки без да бидат платени царинските давачки. Во текот на овие контроли се пронајдени и запленети 60,85 килограми тутун за наргиле, 521 килограми сецкан тутун за пушење, 47 парчиња парфеми, тоалетни води и шампони и 142 пакувања различни видови на чај за слабеење и додаток за исхрана, за кои стоки е утврдено дека се пуштени во слободен промет без претходно да бидат платени царинските давачки. За истите се поднесени соодветни поднесоци до надлежен прекршочен орган.

### *Проверка на документи во рамки на взаемна административна помош по царински прашања*

Одделението за истраги во текот на 2023 година има испратено вкупно 180 барања до странските царински органи за верификација на докази за потекло издадени од нивна страна. Добиени се 43 одговори од кои 56% се негативни, по кои се изготвени решенија за дополнително евидентирање на царински долг во вкупен износ од 1.361.820.00 денари.

Во врска со дополнителна верификација на докази за потекло издадени од македонски царински органи, што се врши по испратени барања од странски царински органи, во текот на 2023 година во Одделението за истраги се пристигнати вкупно 65 барања. За 45 се испратени одговори до странските царински органи за резултатот од извршената проверка.

Врз основа на административна соработка со странски царински служби, во текот на 2023 година Одделението за истраги прими 11 барања за административна помош, по кои изврши дополнителна проверка на документи приложени кон извозни и транзитни декларации и врз основа на истите во еден

случај е констатирана неправилност и е иницирана прекршочна постапка до надлежен прекршочен орган.

Одделението за истраги врши дополнителна проверка на вредност во фактури приложени при увоз во нашата земја, за што кон странските царински органи се испратени вкупно 79 барања. Добиени се 22 одговори, од кои за еден одговор по утврдени различни паритети, односно во царинските декларации при увоз не е евидентиран транспортниот трошок кој влегува во царинската основица за пресметка на давачки, по истиот се врши дополнителна контрола со налог во правното лице, со цел евидентирање и наплата на дополнителен долг.

### *Контрола на трговски друштва*

Во 2023 година се спроведени:

- 118 контроли на трговски друштва, со 44 наоди за неправилности. Утврдени се избегнати давачки во вкупен износ од околу 19,14 милиони денари;
- 84 контрола на корисници на ТНГ како погонско гориво или корисници на обележени минерални масла. Произлегоа 30 наоди за утврдени неправилности.
- 27 одобренија на иматели на акцизни дозволи, одобренија и на трговци на големо и мало со минерални масла, со 17 наоди за неправилности. Утврдени се избегнати давачки во вкупен износ од околу 1,54 милиони денари;
- 19 комбинирани контроли (надворешна и царинска контрола) од кои произлегоа 7 наоди за неправилности. Утврдени се избегнати давачки во вкупен износ од околу 9,32 милиони денари.

### Контрола на иматели на одобренија за поедноставени царински постапки

Службите за надзор на иматели на одобренија (на ниво на секоја царинарница) вршат проверка на исполнувањето на пропишаните услови за поседување на одобренија за поедноставени постапки еднаш на 2 години.
Во 2023 спроведени се вкупно **4 документарни контроли** (од СНИО Куманово 4 документарни контроли на иматели на одобренија за поедноставени царински постапки без констатирани отстапувања и непридржување).

Според процедурата за вршење на теренски контроли на иматели на одобренија **СНИО спроведоа вкупно 278 теренски контроли на иматели на одобренија** (СНИО Штип - 93 редовни контроли на одобренија за постапки со економски ефект и иматели на одобренија за ППЧ, СНИО Битола – 31 спроведена контрола на одобренија за постапки со економски ефект, СНИО Куманово – 2 теренски контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки, СНИО Гевгелија - 23 контроли на иматели на одобренија за постапки со економски ефект при што се констатирани два царински прекршока со изречени мандатни платни налози, СНИО Скопје - 129 теренски контроли на одобренија за постапки со економски ефект и иматели на одобренија за ППЧ со 13 наоди за неправилности и констатирани царински прекршоци со изречени мандатни платни налози).

При поголем дел од контролите не се откриени повреди кои се санкционираат со барање за поведување на царински прекршочни и мандатни казни. Кај некои иматели на одобренија само се дадени одредени препораки.

Царинските испостави извршија вкупно 3.179 контроли на иматели на одобренија за поедноставени царински постапки (ЦИ Прилеп-116 контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки без констатирани отстапувања и непридржување, ЦИ Велес – 22 контроли на стока ставена во постапка на локално царинење без откриени неправилности, ЦИ Штип-345 контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки-локално царинење без откриени неправилности, ЦИ Струмица – 60 контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки-локално царинење без откриени неправилности, ЦИ Гевгелија - 23 контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки-локално царинење без откриени неправилности, ЦИ Кавадарци - 103 контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки-локално царинење без откриени неправилности, ЦИ Скопје 1 – 576 контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки со констатирани 2 неправилности, ЦИ Скопје 2 – 902 контроли на иматели на одобренија на поедноставени постапки без откриени неправилности, ЦИ Скопје 3 – 39 контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки без откриени неправилности, ЦИ Скопје 4 – 36 контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки со констатирани 2 неправилности, ЦИ Аеродром Скопје – 607 контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки со констатирани 2 неправилности, ЦИ Тетово – 16 контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки без откриени неправилности, ЦИ Слободна Зона – 258 контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки со констатирани 5 неправилности, ЦИ Табановце – 34 контроли на

иматели на одобренија за поедноставени постапки-локално царинење без откриени неправилности, ЦИ Деве Баир – 4 контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки-локално царинење без откриени неправилности и ЦИ Куманово – 38 контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки-локално царинење без откриени неправилности).

### Физички контроли

Во 2023 година, физичка контрола при извоз и увоз била спроведена на 13,2% од царинските декларации. Со физичката контрола неправилности се утврдени кај 32% од царинските декларации.

При извоз, физичка контрола е извршена на 0,7% од царинските декларации при што се утврдени неправилности кај 1,8% од контролираните декларации.

При увоз, физичка контрола е извршена на 19,5% од царинските декларации при што се утврдени неправилности кај 32,5% од контролираните декларации.

### Извршени контроли во патнички промет

Во 2023 година извршени се вкупно 47.570 контроли во патнички промет (во прв квартал 12.347 контроли, во втор квартал 12.402, 11.663 во трет квартал и 11.158 во четвртиот квартал). На контрола се подлегнати вкупно 10.816 патници, 23.822 патнички возила, 1.619 автобуси, 10.971 камиони, 92 авиони, 250 возови.

Во првиот квартал од вкупно спроведените 12.347 контроли, утврдени се неправилности во 290 случаи (2.23% од вкупно спроведените контроли).

Во вториот квартал од вкупно спроведените 12.402 контроли, утврдени се неправилности во 159 случаи (1,28 % од вкупно спроведените контроли).

Во третиот квартал од вкупно спроведените 11.663 контроли, утврдени се неправилности во 230 случаи (1,97 % од вкупно спроведените контроли).

Во четвртиот квартал од вкупно спроведените 11.158 контроли, утврдени се неправилности во 147 случаи (1,32 % од вкупно спроведените контроли).

| Вид на утврдени неправилности од извршени контроли во патнички промет во 2023 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Q1** | **Q2** | **Q3** | **Q4** |
| **ВКУПНО** | **290** | **159** | **230** | 147 |
| **Записници за девизни прекршоци** | **6** | **/** | **6** | **9** |
| **Записници за царински прекршоци** | **42** | **43** | **50** | **59** |
| **Кривични пријави** | **7** | **3** | **7** | **9** |
| **Записници за повреда на права од интелектуална сопственост** | **3** | **/** | **3** | **1** |
| **Мандатни казни** | **232** | **112** | **164** | **69** |
| **Изјава за откажување во корист на државата** | **/** | **1** | **/** | **/** |

Во 2023 година се забележани вкупно 247 случаи на заплена на разна стока.

| **Поголеми реализирани случаи на заплена** | **јануари - декември 2023** | |
|---|---|---|
| **Стока** | **Вкупно случаи** | **Вкупна количина** |
| Дрога и психотропни супстанци - Марихуана (кг) | 3 | 105,4179 кг |
| Дрога и психотропни супстанци - Кокаин (кг) | 1 | 0,0059 кг |
| Прекурзори | 1 | 126 литри |
| Фалсификати (повреда на права на интелектуална сопственост, во парчиња) | 10 | 9.863 |
| Цигари и пури (парчиња) | 25 | 104.700 |
| Други тутунски добра -Режан тутун, тутун за наргиле (кг) | 37 | 18.316 кг тутун |
| Арома за наргиле (парчиња) | 1 | 145 |
| Електронски цигари (парчиња) | 4 | 3.344 |
| Алкохол (литри) | 4 | 597 |
| Девизи | 22 | 400.815 EUR<br>15.050 AUD<br>1.890.000 LEK |
| Девизи - Обврзници 184 x 500.000 USD | 1 | 92.000.000 USD |

| | | |
|---|---|---|
| Злато (кг) | 3 | 43,53 |
| Опасни супстанци (Монтреал) – Фреон боци (парчиња) | 2 | 1.350 |
| Лекови (парчиња) | 4 | 66.127 и 17 кутии |
| Суплементи  (парчиња) | 4 | 797 |
| Оружје (1 пиштол ЦЗ и 1 сигнален пиштол) | 2 | 2 |
| Муниција (15 куршуми 9 мм, 140 сигнални патрони и 200 иницијални каписли) | 2 | 355 |
| Делови за оружје (1 додаток-навој за пиштол) | 1 | 1 |

### Поединечни случаи на позабележителна заплена

Реализирани се и други заплени од кои покарактеристично е спречувањето на нелегална трговија на 4 тона апчиња и гел за орална употреба за потенција (48 илјади кутии Орал Џели односно 100 мл гел за орална употреба Камагра, 10.530 ленти со 100 мг таблети Камагра и 7.000 кутии со 100 мг и 150 мг таблети Ценфорце) во вредност од 41,7 милиони денари, ризични по здравјето на граѓаните.

Царински инспектори од Секторот за контрола и истраги при детален преглед на стоката утврдија дека фирмата која има внесено стоката во државата нема важечко решение за вршење промет на големо со лекови и медицински средства. Воедно стоката е лек кој не е регистриран во Регистарот на лекови што го води Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија и е различно декларирана.

### Криумчарење на златен накит

Како резултат на координирана акција изведена врз основа на разузнавачки активности спречен е обид за криумчарење на златен накит со вредност од околу 2,3 милиони евра.

На 20.03.2023 година, на Меѓународниот аеродром Скопје, со лет од Истанбул пристигнал српски државјанин кој имал намера да избегне царинска контрола. Се упатил кон зелениот коридор каде поминуваат патници кои немаат што да пријават за царинска контрола.
Царинските службеници, кои претходно добиле информација дека постои сомневање дека патникот може да криумчари злато, го селектирале истиот за детална царинска контрола. При претрес на лицето и неговиот багаж, ранец и

куфер, биле пронајдени 43,127 килограми разновиден златен накит, со проценета вредност од околу 2,3 милиони евра.

### Спречување на надозволен влез/излез на илегални мигранти

Во 2023 година откриени се 4 илегални мигранти на излез од земјата (во 1 случај), 16 илегални мигранти на влез во земјата (4 случаи) и 4 мигранти во внатрешноста на територијата на земјата (1 случај).

### Поднесени кривични пријави

Во 2023 година поднесени се вкупно 52 **кривични пријави**, **против 16 правни лица и 60 физички лица**, за:

- Криумчарење (чл. 278 од КЗ) - 14 кривични пријави, против 15 физички лица;
- Царинска измама (чл. 278-а од КЗ) - 4 кривични пријави, против 3 правни и
5 физички лица;
- Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама (чл. 278-б од КЗ) - 10 кривични пријави, против 1 правно и 10 физички лица;
- Избегнување на плаќање акциза (чл. 279-б од КЗ) - 8 кривични пријави, против 4 правни и 9 физички лица;
- Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори (чл. 215 од КЗ) - 5 кривични пријави, против 7 физички лица;
- Фалсификување исправа (чл. 378 од КЗ) - 2 кривични пријави против 2 физички лица;
- Недозволена трговија (чл. 277 од КЗ) - 2 кривични пријави, против 2 правни и 2 физички лица;
- Фалсификување пари (чл. 268 од КЗ) - 1 кривична пријава, против 1 физичко лице;
- Повреда на права од индустриска сопственост (чл. 285 од КЗ) - 3 кривични пријави, против 3 правни и 3 физички лица;
- Измама (чл. 247 од КЗ) -1 кривична пријава против 1 правно и 3 физички лица;
- Употреба на исправа со невистинита содржина (чл. 380 од КЗ) - 1 кривична пријава, против 2 правни и 2 физички лица;

- Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи (чл. 396 од КЗ) - 1 кривична пријава против 1 физичко лице;

Во претходната 2022 година беа поднесени 32 кривични пријави, против 45 физички и 13 правни лица.

### Поведени прекршочни постапки (Царинарници)

Во 2023 година изготвени се вкупно 1.845 записници по córински прекршоци (636 за физички лица и 1.209 за правни лица) и изречени се прекршочни платни налози во вкупен износ од 138.579 евра (26.400,5 евра за физички лица, 92.749,5 евра за правни лица и 19.429 евра за одговорни лица). Остварена е вкупна наплата на прекршочни платни налози во вкупен износ од 92.914,5 евра (21.545,5 евра од физички лица, 57.592,5 евра од правни лица и 13.776,5 евра од одговорни лица).

Забелешка: „Разликата која што се јавува помеѓу износите на изречените и наплатените прекршочни платни налози се должи на тоа што доколку сторителот, по приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог ја плати глобата во рок од осум дена, ќе плати половина од изречената глоба, согласно член 264 точка 8 од Царинскиот закон."

По непочитување на рокот за плаќање се поднесуваат барања за прекршочна постапка до Одделението за прекршочна постапка.

### Прекршочни постапки по кој постапува Одделението за прекршочна постапка-Комисија за одлучување по прекршок

Прекршочните постапки ги води прекршочен орган на Царинската управа – Одделение за прекршочна постапка-Комисија за одлучување по прекршок.

Во 2023 година во Одделението за прекршочна постапка заведени се вкупно 1.746 предмети. Споредено со 489 предмети во 2022 година, обемот на работа е зголемен за повеќе од три пати. Од заведените предмети во 2023 година, 1.716 се царински прекршоци, 12 се девизни прекршоци и 18 се акцизни прекршоци.

Одделението за прекршочна постапка-Комисија за одлучување по прекршок при Царинската управа во 2023 година реши вкупно 1.088 предмети во редовна постапка, 56 предмети во повторно постапување или вкупно 1.144

предмети. Изречени се глоби во вкупен износ од 97.111,00 евра, детално прикажани по квартали во табелата подолу.

| Прекршочни постапки | Q1 2023 | Q2 2023 | Q3 2023 | Q4 2023 |
|---|---|---|---|---|
| Во редовна постапка | 99 | 422 | 472 | 87 |
| Во постапка на повторно постапување | 8 | 3 | 3 | 42 |
| Вкупно решени прекршочни предмети | 107 | 425 | 475 | 129 |
| Вкупен износ на изречени глоби по прекршочни постапки (во евра) | 20.380,00 | 31.931,00 | 24.825,00 | 19.975,00 |

Нерешените 658 предмети заведени во 2023 година се примени во Одделението за прекршочна постапка во текот на месеците ноември и декември. Се работи за предмети за кои ќе биде донесено решение за спојување на постапката од причина што станува збор за сторители кои искористувајќи ист траен однос, исти прилики извршиле две или повеќе временски поврзани дејствија што преставуваат повеќекратно остварување на ист прекршок и ќе биде изречена единствена прекршочна санкција.

### Учество во заеднички меѓународни операции и акции

Царинските службеници зедоа активно учество во:

- Меѓународна операција CLAUDIUS II, WESTERN BALKANS спроведена во две оперативни фази од 08.05.2023 до 14.05.2023 и од 29.05.2023 до 04.06.2023, организирана од Британската служба за јавни приходи и царина (HMRC), насочена на спречување на сите видови на прекуграничен криминал, со посебен фокус на пари во готовина, тутун и тутунски производи и дрога.
- Меѓународна операција „ARTEFAKT“ спроведена на граничниот премин Табановце автопат и околината, во период 27.03.-03.04.2023 година, насочена на спречување и откривање на нелегална трговија, ископување и криумчарење на културни добра. Акцијата беше организирана од страна на канцеларијата на DCAF во Љубљана, во рамки на проектот “Countering

Serious Crime in the Western Balkans IPA 2019" и координирана од страна на Министерството за внатрешни работи на нашата земја.

- Меѓународна операција LAKE 2022/2023 спроведена во период 05.05.2023 - 28.05.2023 година, организирана и координирана од EUROPOL, со фокус на борбата против нелегалната трговија со бебиња на Европски јагули (European eels - научно име Anguilla anguilla), познати како стаклени јагули (glass eels), заштитени со Додаток II од Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени видови (Appendix II of the Convention on the International Trade in Endangered Species - CITES).
- Меѓународна операција DEMETER IX спроведена во период од 01.10.2023 до 31.10.2023, во организација на Светската царинска организација (WCO), со фокус на нелегални пратки на сите видови отпад (пластичен и електронски) и супстанци контролирани според Монтреалскиот протокол – супстанци кои ја осиромашуваат озонската обвивка (ODS) и флуоројаглеводороди (HFCs).
- Меѓународна операција **THUNDER 2023,** спроведена во период од 02.10.2023 до 27.10.2023 година, организирана од INTERPOL и Светската царинска организација (WCO), фокусирана на спречување на нелегалната трговија со дива флора и фауна (живи или мртви диви животни и растенија и нивни делови и трофеи, разни козметички и прехрамбени производи кои содржат заштитени видови кои се наоѓаат на CITES листите, како и други производи изработени од делови од заштитени видови) и криминалот поврзан со шумите.
- Меѓународна операција **STOP III,** спроведена во период од 04.12.2023 до 15.12.2023, организирана и координирана од Светската царинска организација, фокусирана на лажни или супстандардни лекови, како и на сите други производи за секојдневна потрошувачка кои можат да ги нарушат правата на интелектуална сопственост (ИПР).
- Меѓународна заедничка полициско-царинска акција **Joint Action Day South East Europe 2023** (**JAD SEE 2023**), спроведена во период од 13.11.2023 до 18.11.2023, организирана од ЕВРОПОЛ во рамки на EMPACT FIREARMS иницијативата, насочена против нелегална трговија и криумчарење на огнено оружје и муниција, недозволената трговија со дрога и илегална миграција.
- Меѓународна операција **ARMSTRONG 2023**, **спроведена** во период од 27.11.2023 до 01.12.2023, организирана во рамки на EMPACT FIREARMS 2022-2025 иницијативата на ЕВРОПОЛ, фокусирана на борба против

нелегалната трговија со оружје, делови за оружје и муниција, во поштенски пратки и брзи пратки.

Царинската управа на Северна Македонија е дел од меѓународниот проект GLOBAL SHIELD организиран од Светската царинска организација, кој е фокусиран на следење на увозот и извозот на хемикалии и други производи што може да се користат за изработка на експлозивни направи. Во рамки на проектот, Царинската управа редовно доставува месечни извештаи за увози и извози на вакви хемикалии и производи преку „CENcomm2" платформата за овој проект.

## Заштита на правата од интелектуална сопственост

Со цел ставање во функкција на модулот за ИПР во рамките на електронскиот Систем за обработка на царински и акцизни документи (SOCDAD), извршени се тестирања на модулот за управување со економски оператори (MEOS) за поднесување на барања за превземање на царински дејствија и модулот за заштита на правата од интелектуална сопственост (IPR), во кој се евидентирааат случаите на привремено задржаната стока по основ на повреда на правата од интелектуална сопственост. Со овие електронски модули ќе се овозможи електронско поднесување на барања за превземање на царински дејствија од страна на носителите на права, како и електронска комуникација со организационите единици во Царинската управа во врска со привремено задржаната стока.

Благодарение на континуираната соработка со застапниците на носителите на права на трговските марки редовно се одржуваат обуки на кои царинските службеници се запознаваат со новите трендови на фалсификување. Обуките беа одржани во Скопје, Велес и по царинарници.

**Во 2023 година има вкупно 30 нови прифатени барања за преземање на царински дејствија за заштита на права од интелектуална сопственост.** 181-те сега активни прифатени барања (состојба на крај на декември 2023 година) се однесуваат на 1.008 трговски марки за кои е побарана заштита.

**Во периодот јануари-декември 2023 година задржани се вкупно 29.336 парчиња на стока врз основа на сомневање околу повреда на право од интелектуална сопственост, во вкупно 28 случаи.** Повредени се права на 15 трговски марки. За 9.863 парчиња од страна на носителите на права потврдено е дека повредуваат право на интелектуална сопственост.

Структурата на стоката која повредува право на интелектуална сопственост:

- 4.843 парчиња облека
- 4.980 парчиња детски играчки
- 34 парчиња очила за сонце
- 2 парчиња женски чанти
- 4 парчиња обувки

Фалсификуваните производи се претежно со потекло од Турција и Кина.

### Други забрани и ограничувања

За целосна имплементација на Базелската Конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасен отпад се одржаа состаноци со Министерството за животна средина и просторно планирање со цел дефинирање на чекорите и начинот на спроведување на оваа активност. Со согласност на МЖСПП, Царинската управа ќе ја имплементира Базелската Конвенција согласно интеграцијата на истата во TARIC системите на ЕУ.

Царинската управа учествува во надградбата на модулот за транспортни дозволи во рамките на ЕКСИМ системот. Вр основа на направената надградба изготвена е нацрт верзија за измена на Упатството за примена на Законот за превоз во патниот сообраќај, со цел поефикасна контрола од страна на оперативните службеници и вршење електронска проверка на превозот со повикување на веб сервисот на Министерството за транспорт и врски и вршење електронска евиденција врз основа на приложената документација во Информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при постапките на увоз, извоз и транзит на стоки (EXIM).

Царинската управа ги следи објавените рестриктивни мерки во Службениот весник на Република Северна Македонија и за истото согласно интерна процедура се информираат царинските службеници од граничните и внатрешните царински испостави. Со воведените рестриктивни мерки поврзани со воената агресија врз Украина, секојдневно се поставуваат прашања од економските оператори и царинските застапници околу примената на санкциите, при што за решавање на одредени прашања се користи и се посочува линкот на ЕУ (https://www.sanctionsmap.eu/#/main), бидејќи на национално ниво не постојат консолидирани текстови по одредени одлуки. Исто така се користат и електронските системи на ЕУ во кој се интегрирани рестриктивните мерки.

Царинската управа зеде учество во:

- Работилница за спречување неовластен извоз на чуствителни технологии, одржана од 19.03-21.02.2023 година во Љубљана - Словенија;

- Регионална работилница за најновата Регулативата (ЕУ) 2021/821 на Европскиот парламент и на Советот на ЕУ од 20 мај 2021 година за воспоставување режим на Унијата за контрола на извозот, посредувањето, техничката помош, транзитот и трансферот на артикли со двојна употреба;
  Регионалната работилница се фокусираше на практичната имплементација на законските измени од земјите-членки на ЕУ и од земјите-партнери на ЕУ P2P кои веќе ги имаат или ги спроведуваат истите принципи на контрола во нивното најново законодавство. Со оглед дека во нашата земја се изготвува нов Закон за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, во работилницата имаше простор за отворени дискусии, размена на добри практики и прашања за решавање на сите отворени прашања и предизвици во врска со нацрт верзијата на законот.
- Летен универзитет, Програма за контрола на извоз на стоки со двојна намена (Summer University, EU P2P (Partner-to-Partner) Export Control Programme for Dual-use Goods), која се одржа од 3-7 јули 2023 година, во Барселона;
- Учество на состанок со ко-известувачите за нашата земја за пристапување на Васенар Аранжманот (Wassenaar Arrangement - WA) од Полска и Австрија, одржан на 3-4 октомври 2023 година;
- Учество на работилница за правна помош за да се унапреди процесот на усогласување на законодавство на Република Северна Македонија со Регулативата за двојна употреба на ЕУ (2021/821), односно да се обезбеди усогласеност со регулаторната рамка воспоставена од Европската Унија.

### Други активности за заштита ориентирани кон зачувување на природата

Во делот на заштита на природата во рамките на **проектот „Подобрување на капацитетите за Натура 2000 и CITES“** се спроведуваат активности за спроведување на директивите на ЕУ за заштита на природата (Директива за живеалишта и Директива за птици), како и Регулативата CITES за меѓународна трговија со загрозени видови дива фауна и флора.

На национално ниво е формирана работна група во која учество зема и Царинската управа, во компонентата за CITES која има за цел да се постигне

целосна усогласеност на националното законодавство со Регулативата на ЕУ и Конвенцијата CITES за меѓународна трговија со загрозени видови на дива фауна и флора. Ова ќе се направи преку проверка на усогласеноста на постојните правни акти со кои се уредува заштитата на природата и преку изготвување на ново/ревидирано законодавство.

Ќе се програмира посебен софтвер за издавање дозволи за трговија. Изготвена е нацрт верзија на Законот за  прекугранично движење и трговија со диви видови и нацрт верзија на подзаконските акти и истите се доставени на мислење до надлежните институции. Во рамките на проектот е планирано да се одржуваат и обуки за инволвираните страни во издавањето на дозволи за прекуграничен промет со диви видови и за органите за вршење контрола и инспекциски надзор. Досега се одржани три обуки.

## *Организациски и инфраструктурен развој*

### Професионална и ефикасна јавна администрација

#### Зајакнување на системот за управување со човечките ресурси

Царинската управа во 2023 година континуирано инвестираше во унапредување и развој на управувањето со човечки ресурси, сметајќи ги човечките ресурси за движечка сила за постигнување на поставените стратешки цели за интеграцијата во ЕУ и унапредување на ефикасноста во работата на институцијата.

На крајот на 2023 година во Царинската управа се вработени 1.181 лица. Од вкупниот број вработени 2 лица се со статус на функционери (директор и заменик директор), 1.177 лица се со статус на царински службеници согласно Законот за Царинската управа и 2 лица се со статус на работници согласно Законот за работни односи.

Во однос на стручната подготовка, 4 вработени се доктори на науки, 74 вработени се магистри, 697 се со високо образование, 8 се со вишо образование, 394 се со средно образование и 4 вработени се со образование од друг вид. Ова значи дека 66,5% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование.

Во 2023 година донесени се следните акти и регулативи во врска со управување со човечките ресурси:

- Правилник за измена на Правилник за систематизација на работните места на Царинска управа;
- Правилник за измена на Правилник за организција и работа на Царинска управа;

Измената на Правилникот за систематизација на работни места во Царинска управа и Правилникот за организација и работа на Царинска управа се однесува на воведување на нова организациона единица

Одделение за електронски едношалтерски систем (Single Window) во состав на Секторот за царински систем.

- Нов Колективен договор на Царинската управа со кој се зголемени бенефициите на царинските службеници и е направено усогласување со Законот за минимална плата, што доведе до зголемување на личниот приход на вработените во Царинската управа, со измена на решенија на сите вработени во Царинската управа.
- Нов Колективен договор на Царинската управа со кој платата на царинските службеници се зголемува за 10%, заради усогласување со новиот Општ колективен договор, врз основа на што повторно е направена измена на решенија на сите вработени во Царинската управа.

Во 2022 година се изврши унапредување на ЕРП (Систем за планирање на ресурсите на Царинската управа) и ХРМ (Систем за управување со човечки ресурси) со примена на современи технолошки алатки за развој на софтвер, со кои се овозможи работа на апликација на три нивоа, базирана на сервисно ориентирана архитектура. Сите деловни процеси започнаа оперативно да се користат од 01.01.2023 година. На овој начин се унапреди веќе постојната компонента во системот кај модулот за Човечки ресурси, со што се исполни една од предвидените стратешки цели.

### Вработување

Во периодот јануари – декември 2023 година има 1 ново вработување во Царинската управа на неопределено време и 4 нови вработувања на определено време за фискална 2023 година.
Извршено е едно именување од Владата на Македонија, на функција директор на Царинската управа.
Реализирана е постапка на вработување врз основа на Спогодба за преземање на неопределено време за шест царински службеници.

Во истиот период Секторот за управување со човечки ресурси има спроведено 46 интерни огласи врз основа на кои се унапредени вкупно 69 царински службеници.

Согласно Законот за Царинска управа, работодавачот го промени статусот од работници во царински службеници на 65 вработени, а за таа цел направена е измена на Правилникот за систематизација на работните места во

Царинската управа каде се систематизирани работните места на кои вработените се унапредуваат.

Царинската управа за подобрување и градење на ефективни и ефикасни капацитети, а во интерес на олеснување на процесите и избраните царински процедури, во периодот јануари-декември 2023 година времено унапреди 36 царински службеници, унапреди 47 царински службеници на неопределено време. Со признавање на факултет се унапредија 2-ца царински службеници, се распоредија по наредба 21 царински службеник, 79 царински службеници времено беа распоредени и беа изготвени вкупно 182 решенија за прераспоредувања на царински службеници.

Во текот на 2023 година шест (6) вработени се суспендирани од работните места, сѐ до завршување на судските и други постапки.

Во интерес на борбата против корупцијата, Царинската управа направи периодични распоредувања на 129 царински службеници во рамките на Царинарниците Скопје, Куманово, Гевгелија, Штип и Битола.

## Дисциплински постапки

Во 2023 година **Царинската управа спроведе 23 дисциплински постапки,** од кои десет (10) се запрени како неосновани. По доставен извештај до непосреден раководител, за пет (5) царински службеници непосредниот раководител се има произнесено преку дадено образложение дека нема да покрене дисциплинска постапка. За осум (8) царински службеници е утврдена одговорност и истите се казнети со намалување на плата за 15% во времетраење од 6 месеци, 4 месеци, 3 месеци, 2 месеци и 1 месец.

На шест (6) царински службеници им е изречена мерка откажување на договор за вработување.

## Престанок на работен однос

Во 2023 година Царинската управа има донесено 28 решенија за престанок на работен однос по основ на старосна пензија, 6 решенија за престанок на работен однос по основ на даден отказ од Царинска управа, 10 решенија за престанок на работен однос по барање на работникот и 6 решенија за престанок на работен однос по настаната смрт.

## Обуки

Во 2023 година Царинската управа организираше вкупно **193 обуки**, на кои учествуваа **3.411 учесници**. Бројот на учесници и времетраењето на обуките покажуваат дека за секој вработен обезбедена е обука во времетраење од 19 часа и 45 минути.

841 вработени учествувале во најмалку една обука, односно 71,27 % од вкупниот број на вработени (1.180).

Во текот на 2023 година царинските службеници имаа можност да ги унапредат своите вештини за селекција и преглед на документи и стока со користење на опрема за виртуелна реалност, донација од Светската царинска организација.

Царинската управа за прв пат самостојно организираше кратка обука за раководители на која шефовите на царинските испостави се запознаа со основните поими во раководењето. Оваа обука ќе послужи како основа за креирање на сеопфатна програма која ќе биде задолжителна за секој раководител од средно ниво во Царинската управа.

Покрај обуките за вработените, Царинската управа организираше и обуки за корисниците на услугите и тоа:

- Две претходни обуки за кандидати за застапници во царински постапки, со вкупно 38 учесници и
- Презентација на тема „Враќање на акцизни давачки преку Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи СОЦДАД", на која учествуваа 30 учесници.

### Синдикални организации

**Синдикалната организација при Царинска управа - УПОЗ** континуирано работи и презема активности за подобрување на правата на вработените, како императив за своето постоење, работните услови и социјалната клима, како предуслов за квалитетно и достоинствено работење во Царинската управа.

Синдикалната организација при Царинска управа-УПОЗ, преку активно учество во органите и телата на УПОЗ придонесе во изготвувањето на основните закони, како што се Законот за вработени во јавен сектор и Законот за административни службеници и преку своите заложби и предлози успеа да оствари поголеми права за вработените во јавниот сектор, вклучително и за Царинската управа. Особено е истакнат придонесот на Синдикалната организација при Царинска управа-УПОЗ при дополнување и

потпишување на нов Колективен договор во кој е предвидено процентуално зголемување и обезбедување на посебни додатоци на плата за вработените, зголемен процент за ноќна работа и сменско работење, платено дежурство од дома, исплата на годишен регрес, осигурување на вработените од страна на работодавачот, зголемување на бројот на денови на годишен одмор на вработените, усогласување на платата на царинските службеници со порастот на минималната плата и други поволности за сите вработени во Царинска управа.

**Самостојниот синдикат на Царинската управа – ССЦУ** од неговото основање до денес континуирано работи на подобрување на работните услови, социјалната клима и континуиран развој на етничка и социјална кохезија на сите вработени во Царинската управа.
Во 2023 година ССЦУ учествуваше и во процесот на усогласување на Колективниот договор на Царинската управа со Законот за Царинска управа и Општиот гранков договор за вработените во јавниот сектор. Овие активности резултираа со потпишување на нов Колективен договор со кој се овозможи значително подобрување на економската состојба на сите вработени во ЦУ, обезбедување на поголеми права и социјална заштита.
Освен ова, ССЦУ 2023 година обезбеди средства за колективно и животно осигурување на своите членови, синдикална солидарна помош за членовите како и членовите на нивното потесно семејство при подолготрајно боледување, при смрт на член на синдикатот или член на неговото потесно семејство, организира активности за одбележување на Меѓународниот ден на жената, обезбеди новогодишни пакетчиња за најмладите, партиципира во покривање на трошоци за екскурзија во странство и други активности.

## Спроведување на мерки за спречување на несооодветно и коруптивно однесување и развој на системи на правила и контрола

Се работи на градење на интегритет кој во денешно време се опсервира како позитивен збир на однесувања што допринесуваат за чесен и етички однос при извршување на работата. Треба да се задоволат стандарди поврзани со пружање на услуга при што ќе се задоволат очекувањата на клиентите и учесниците во царинските постапки.

Борбата против коруптивните појави во редовите на Царината треба да биде бескомпромисна, за да се спречи нејзиниот одрз врз меѓународната трговија и глоблната економија и да се оневозможи она што произлегува како последица: намелни приходи, нереални цени кои се поконкурентни во однос

на оние на домашните индустрии, прикажување на помала царинска вредност и погрешно тарифирање на стоки во увозни и извозни постапки.

Искуството и истражувањата покажуваат дека ако заради корупција затаи и падне под стандардно ниво контролата на границите, посебно кога станува збор за незаконски и опасни стоки и супстанци, криминалните активности земаат замав и оставаат трајни послеици.

Насоки и активности на стратешко делување (Стратегија за интегритет):

1. **Имплементација на нов Систем за видео надзор, интегриран и Систем за автоматско распознавање на регистарски таблички (CCTV&ANPR)** - со можност за селектирање и обезбедување на снимен материјал за потребите на службите на Царинската управа, но и на надворешните институции кои работат на проблематика на сузбивање на криминал и корупција;

   Во септември 2023 потпишан е договор за набавка на Системот за видео надзор, интегриран со систем за автоматско распознавање на регистарски таблички. Со имплементација на новата опрема ќе се добијат детални, квалитетни и навремени информации, кои ќе се користат за понатамошни анализи и постигнување на крајната цел: борбата против недозволената трговија и криминал, заштита на финансиските интереси на државата, заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните.
2. **Воведување на систем за телесни камери за царински службеници на граничните премини** - набавка и инсталирање на опрема со која ќе се врши снимање на сите активности кои ги имаат царинските службеници во текот на нивното работење на граничните премини;
3. **Унапредување на системот на задолжителни ротации** – периодични прераспределувања на царинските службеници во Царинарниците;
4. **Усогласување на евиденцијата на анкетни листови и изјави за интереси со Закон за спречување на корупција и судир на интереси**;
5. **Унапредување на постапувањето и определување на работите и дејностите кои се во судир со службената должност на царинските службеници** (од НССКСИ[9] 2021-2025);
6. **Унапредување на постапката за поефикасно откривање и докажување на кривични дела сторени од страна на царинските службеници** (од НССКСИ 2021-2025);

[9] Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси

7. **Намалување на дискреционите овластувања во сите сегменти на царинското работење;**
8. Спроведување на кампања за спречување корупција и судир на интереси преку печатење и дистрибуција на брошури, плакати и социјални медиуми.

Во 2023 година, врз основа на Планот на активности на Секторот за професионална одговорност, примените поплаки кои се однесуваат на незаконито и непрофесионално постапување на вработените, информациите примени на отворената царинска линија 197 во кои се содржани наводи за непрофесионално однесување на царински службеници, како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа, **спроведени се 89 внатрешни истраги,** а **со 12 извештаи се утврдени неправилности во постапувањето на царинските службеници.** Во врска со постапувањето согласно позитивните законски одредби, подзаконските акти и оперативните инструкции на Царинската управа, извршени се **66 внатрешни контроли,** при што **со 27 извештај се утврдени неправилности во постапувањето на царинските службеници**.

| 2023/месец | Внатрешни истраги | Неправилности | Внатрешни контроли | Неправилности |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 16 | 1 | 4 | 2 |
| Февруари | 9 | 1 | 6 | 2 |
| Март | 6 | / | 7 | 5 |
| Април | 9 | / | 6 | 2 |
| Мај | 5 | 1 | 5 | 2 |
| Јуни | 5 | / | 7 | 3 |
| Јули | 5 | 1 | 5 | 1 |
| Август | 7 | 3 | 4 | 2 |
| Септември | 3 | / | 6 | 2 |
| Октомври | 10 | 2 | 6 | 3 |
| Ноември | 8 | / | 5 | / |
| Декември | 6 | 3 | 5 | 3 |
| Вкупно: | 89 | 12 | 66 | 27 |

Согласно обврската по склучување на договор за вработување со Царинската управа или по престанок на работниот однос службените лица од Царинската

управа да достават пополнет анкетен лист до Секторот за професионална одговорност, во периодот јануари-декември 2023 година евидентирани се: **93 (деведесет и три) царински службеници кои доставиле анкетен лист, 52 (педесет и два) кои доставиле образец за промена на имотната состојба, додека 56 (педесет и шест) царински службеници поднеле изјави за интереси.**

| 2023/месец | Анкетен лист | Промена на имотна состојба | Изјава за интереси |
|---|---|---|---|
| Јануари | 4 | 4 | 2 |
| Февруари | 48 | 6 | 40 |
| Март | / | 6 | / |
| Април | 5 | 1 | 2 |
| Мај | 4 | 4 | 1 |
| Јуни | 3 | 2 | 4 |
| Јули | 8 | 4 | 3 |
| Август | 4 | 5 | 1 |
| Септември | 8 | 3 | 2 |
| Октомври | 1 | 3 | 1 |
| Ноември | 3 | 4 | / |
| Декември | 5 | 10 | / |
| Вкупно: | 93 | 52 | 56 |

Беше ревидиран и изработен нов **Регистар на ризични точки во царинското работење подложни на корупција за период јануари - март 2023 година, април - јуни 2023 година, јули - септември 2023 и октомври-декември 2023,** како корисна алатка за перманентно и ефикасно справување со можните кршења на царинското законодавство преку вршење на интерни контроли, а со тоа и за превенција од корупцијата.

## Модернизација на инфраструктурата на граничните премини

Безбедноста и модернизацијата на патната инфраструктура останува да биде национален приоритет, за зголемување на безбедноста на граѓаните, посилна економија и скратување на времето за транспорт и логистика. Поврзувањето исток-запад, со Р. Албанија и Р. Бугарија претставува национална стратегиска обврска.

Се работи на:

1. Подобрување на квалитетот на услугите и условите за работа на економските оператори и царинските службеници преку развој на инфраструктурата на граничните премини;
2. Воведување на автоматизиран систем за управување со терминалите на граничните премини;
3. Замена на старата и поставување на нова опрема (нови ваги, агрегати, рампи);
4. Подобрување на енергетската ефикасност на објектите;
5. Замена на постоечките системи за ладење и греење во објектите со нови еколошки;
6. Поставување на опрема-панели за производство на електрична енергија на објекти на Царинската управа;

*Тековни проекти за реконструкција на граничните премини и терминали:*

*Проекти со поддршка на Инструментот за претпристапна помош (ИПА)*

- Проект за „**Развој на гранична инфраструктура помеѓу Р. Северна Македонија и Република Грција, опремување и модернизација на ГП Богородица и ГП Стар Дојран**“

  Проектот е реализиран и во рамки на истиот набавена е дигитална вага инсталирана на влез во земјата на ГП Богородица. Придобивка од проектот е и размената на искуства и соработката остварена во минатите години со царинските органи на други држави како што се Естонија и Република Грција.

- Проект за **изградба на граничниот премин Маркова Нога** (финасиран од **ИПА 3** национална програма – 2021)

  Проектот се реализира во соработка со Делегацијата на Европската Унија и Програмата за развој на Обединетите нации (United Nations Development Programme-UNDP). Се очекува потпишување на Договор за финансирање помеѓу Делегацијата на Европската унија во Скопје и Програмата за развој на Обединетите нации, со кој конечно ќе започне изградбата на преминот кој се очекува да биде отворен до крајот на 2025 година. Царинската управа ги исполни сите предуслови потребни за реализација на проектот, при што обезбеди и градежна дозвола за изградба на преминот.

- **Проект за реконструкција на граничен премин Делчево** (финасиран од **ИПА 3** национална програма – 2021 - Грант)

  Проектот опфаќа реконструкција на (објект) зграда и реконструкција на гранична лира. За реализација на Проектот Царинската управа ќе стане корисник на Директен грант од Европската комисија (преку ДЕУ) кој ќе се реализира со претежно внатрешни капацитети на Управата. Во текот на 2022 година изработена е и ревидирана планската и проектна документација за реконструкција на преминот.

  Проектот ќе се финансира со средства од директниот грант од ЕУ, за што е поднесена апликација во декември 2023 година.

- **Проект за изградба на граничен премин Берово (ГП Клепало) – Струмјани** (финасиран од ИПА 3 Програма за прекугранична соработка со Република Бугарија за 2021 година)

  Во текот на 2022/2023 година е спороведен краток подготвителен Проект финансиран од Interreg – IPA 2 Програмата за прекугранична соработка Bulgaria – North Macedonia.

  Во 2023 година започнаа активности за учество на Царинската управа во стратешкиот проект во рамките на приоритетот за „Поврзан пограничен регион" од институментот за претпристапна помош на ЕУ. Вкупниот придонес на програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Бугарија (INTERREG VI-A ИПА Бугарија - Северна Македонија 2021 – 2027) кон инвестицијата за изградба на граничниот премин на двете страни од границата ќе изнесува околу 8 милиони евра, а подготвителните активности преземени во текот на 2022 година се предуслов за нивна реализација.

  Изградбата на овој граничен премин ќе придонесе за подобрување на регионалната соработка, како и за олеснување на патничкиот промет меѓу двете држави.

  Во рамките на проектот кој се реализираше во периодот од септември 2022 до мај 2023 година изработена е анализа на потреби согласно моменталната состојба и потребните чекори кои треба да се преземат за реконструкција на изградените објекти со цел пуштање на преминот во функција (со опис на работите и финансиска проценка на средствата за реализација на наведеното).

Во рамките на Програмата за прекугранична соработка Interreg-IPA помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија (2021-2027) објавен е повик **за стратешкиот проект за изградба/рехабилитација на нов Граничен премин (БЦЦП) Струмјани – Берово.** Царинската управа во јули 2023 година поднесе апликација за доделување на финансиски средства за изградба и пуштање во употреба на нов граничен премин. Проектот е одобрен во ноември 2023 година.

Главни активности кои ќе бидат финансирани од овој проект за македонската страна се изработка на целокупна техничка документација за реконструкција на ГП Клепало и реконструкција на ГП Клепало.

*Проекти со поддршка на Светска банка*

- **Проект за реконструкција на граничниот премин Деве Баир** (финансиран преку заем од Светска банка)

  Со овој проект ќе се реконструира управната зграда на патниот премин, а ќе се изгради и нов административен објект на терминалот за стоково царинење.

- **Проект за опремување и модернизација на ГП Ќафасан** (финансиран преку заем од Светска банка)

  Како фаза 1 од овој проект ќе се реконструира објектот за Царина и Полиција, ќе се догради објектот за шпедиции, а како втора фаза ќе се прошири капацитетот на преминот со дополнителна лента за товарни моторни возила.

*Проекти со поддршка на Транспортна заедница*

Во првата половина на 2023 година заврши проектот имплементиран од КОНЕКТА – „Техничка помош за поврзување во Западен Балкан“ (финансиран од Транспортната заедница) кој започна во вториот квартал од 2022 година. Во рамки на овој проект беше подготвен основен проект за Граничниот премин Блаце, со фокус на можноста да се проектира концепт на One Stop Shop со Република Косово, врз основа на меѓудржавни спогодби помеѓу двете земји.

*Нови активности во фаза на планирање:*

*Проекти со поддршка на Инструментот за претпристапна помош (ИПА)*

- **Имплементација на Автоматизиран систем за управување со граничните премини и терминали**

  Овој проект ќе се реализира со грант средства одобрени од Европската комисија преку ИПА програмата, а имплементатор ќе биде Царинската управа почнувајќи од вториот квартал на 2024 година.

## Контрола на работните процеси

Приоритет на ревизорско опсервирање се процесите со препознаен ризик од средно и високо ниво. Внатрешните ревизии во својот фокус ги имаат основните надлежности на Царинската управа, организациската поставеност во Царинската управа, значајните наоди од претходно извршени ревизии, како и финансиската значајност на процесите. Работењето на внатрешната ревизија резултира со препораки за подобрување на системот на внатрешни контроли. Се практикува изнесување на резултатите од планираните и спроведени ревизии за соодветно планирање на следните чекори кои треба да допринесат за општо подобрување и надминување на постоечките и веројатни ризици што треба да се контролираат и надминуваат.

| Внатрешни ревизии по квартали | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Вкупно |
| Изготвени конечни ревизорски извештаи и дадени акциони планови со рокови за спроведување на препораките | 3 | 3 | 4 | 4 | 14 |
| Утврдени наоди | 4 | 14 | 17 | 19 | 54 |
| Дадени препораки | 6 | 15 | 21 | 19 | 61 |

| Вкупна реализација на препораки по квартали | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Статус на дадени препораки: | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 |
| Реализирани препораки | 5 | 13 | 25 | 40 |
| Нереализирани препораки | / | / | 1 | 3 |
| Препораки во тек на реализација | / | 1 | 5 | 10 |
| Делумно реализирани препораки | 1 | / | 3 | 6 |
| Препораки за кои не е изминат рокот на реализација | / | 1 | 8 | 2 |

Во 2023 година во Царинската управа се извршени 14 внатрешни ревизии врз основа на кои се утврдени 54 наоди и дадени се 61 препорака за подобрување на работењето. Ревизиите ги опфатија реализацијата на препораките дадени во 2022 година, ИПА проектите, нетарифните мерки, раздолжувањето на транзитна постапка, акцизните марки за обележување на тутунски производи и алкохолни пијалоци, службените патувања во Царинската управа, издавањето на објекти на гранични премини, редовниот годишен попис за 2022 година на средствата и обврските на Царинската управа на Република Северна Македонија, периодично распоредување на царински службеници во царинарници, пресметка и исплата на плати во Царинската управа на Република Северна Македонија, јавните набавки, поедноставените царински постапки, видео надзорот во Царинската управа и работењето на Царинската лабораторија.

### Отворена царинска линија 197

На отворената царинска телефонска линија (197) во 2023 година добиени се вкупно 4.265 повици.

Најголемиот дел од повиците се однесува на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави. Од нив може да се издвојат како позначајни повиците класифицирани во категоризација **Ј** (информација за изнуда на поткуп) – 17 повици, **Р** (информација за поплака од забавена царинска постапка или застој на граничните премини) – 406 повици и **С** (информација за технички проблеми при спроведување на царинската постапка) – 137 повици.

Како резултат на процесирање на добиените повици на отворената царинска линија на А и В (информации за криумчарење) - 39 повици, извршени се контроли од страна на граничните и внатрешните царинските испостави, како и од мобилните тимови, додека од страна на соодветните служби извршена е обработка, анализа и истрага од доменот на нивното работење.

### Слободен пристап до информации од јавен карактер

Во 2023 година до Царинската управа беа доставени 12 барања за пристап до информации од јавен карактер, врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

11 барања се одговорени во законски пропишаниот рок, со доставување на информациите што беа предмет на интерес (превоз на канцероген и недозволен отпад од соседни земји, нафтен кокс, гуми, хемиски и медицински

отпад, запленети и одземени нафтени деривати, слободни работни места во Царинската управа за потенцијални кандидати со завршен електротехнички факултет, увозни царински декларации, издадени контролни марки за тутунски производи, увозни царински декларации, издадени контролни марки за тутунски добра/производи, увезени стаклени тегли и шишиња, увезени нови и половни пикап возила).

По едно барање кое се однесува на увезени автомобили сеуште се постапува заради големиот обем на податоци.

Во 2022 година беа поднесени и одговорени 47 барања за пристап до информации од јавен карактер.

# МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ И ПОВАЖНИ НАСТАНИ

## *Меѓународна соработка*

### Склучени меѓународни договори

- Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини БЛАЦЕ - ЕЛЕЗ ХАН" И „ЈАЖИНЦЕ - ГЛОБОЧИЦА" (Закон за ратификација на договорот донесен од Собранието на Република Северна Македонија на 22 декември 2023 година)

  Се регулира воспоставувањето на заеднички гранични контроли и начин на нивно спроведување (локација на заеднички гранични премини, гранични проверки и царински контроли на влез и излез, состав и надлежности на Заедничкиот експертски комитет, користена опрема, решавање на спорови).

- Меморандум за разбирање помеѓу Царинската служба на Кореја, KCNET Co.Ltd (Царинска мрежа на Кореја) на Република Кореја и Царинската управа на Република Северна Македонија за модернизирање и дигитализирање на електронскиот царински систем на Царинската управа на Република Северна Македонија (склучен во ноември 2023 година)

  Се промовира и се унапредува соработката, се споделува знаење и искуство од областа на примена на модерни технологии, пружање на консултантски услуги, програми на обука и друга техничка поддршка.

Беше договорена и содржината на Протоколот помеѓу Министерство за финансии – Царинска управа на Република Северна Македонија и Министерство за финансии – Царинска управа на Република Србија за спроведување на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за мерки за унапредување на движењето на патници и стока преку заеднички државни граници (потпишан во јануари 2024 година). Се воспоставуваат царински постапки за забрзување на проток на патници и стока кои ги вршат царинските органи на граничниот премин за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија) и Прешево (Република Србија).

Меѓусебно се признава потврдата за мерење на стока во случаи кога стоката транзитира преку царинското подрачје на една од страните потписнички на Меморандумот во заедничка транзитна постапка, а стоката е измерена на влез во царинското подрачје на таа страна. Се проширува и опфатот на приоритетната лента на граничниот премин Табановце-Прешево.

### Потпишан работниот план со Трезорот на САД за зајакнување на капацитетите за управување со јавните финансии, сузбивање на сивата економија и корупцијата

Соединетите Американски Држави, како еден од најважните стратешки партнери на Република Северна Македонија ја поддржуваат интеграцијата на државата во ЕУ. И двете земји во наредните пет години ќе работат на заеднички проект чија цел е зачувување на финансиските интереси и стабилност на финансискиот систем преку поголема ефикасност на институционалните капацитети во наплатата на приходи, подобрување на услугите и сузбивање на корупцијата. Директорот на Царинската управа Стефан Богоев, директорката на Управата за јавни приходи Сања Лукаревска и директорката за приходна политика и администрација при Трезорот на САД Парвина Шамсиева Коен го потпишаа **Работниот план за Проектот за зајакнување на капацитетите за Управата за јавни приходи и Царинската управа за 2023 – 2024 година.**

Царинската управа во рамки на Работниот план за 2023 – 2024 година ќе работи на зајакнување на институционалните капацитети за спроведување ефикасни контроли, правилна примена на прописите и управување со ризиците во царинското работење. Ова се клучни области коишто ќе овозможат елиминирање на сивата економија и корупцијата, како едни од највисоките приоритети на Царинската управа, што ќе генерира повисоки приходи во Буџетот.

### Проект со Царината на Кореа

Царинската управа и Царината на Кореа спроведуваат проект за Воведување на напреден систем за управување со ризици на Царинската управа, со цел: подобрување на сегашниот систем за управување со ризик, подобрување на ефикасноста на управувањето со ризикот преку воведување на складиште на податоци, обезбедување стабилна, одржлива работа преку развој на оперативните способности на системот. За проектот, предвиден да трае до

крајот на 2025 година, потпишан е Меморандум за соработка, врз основа на кој нашата Царинска служба доби 4,8 милиони долари за развој и имплементација на систем за управување со ризици и податочен склад.

Во рамки на проектот во ноември 2023 година беше остварена и дводневна работна посета на Царинската служба на Република Кореја, во Сеул. На нашата делегација предводена од директорот Богоев, при обиколка на царинската испостава на „Меѓународниот аеродром Инчеон" кој е најголем аеродром во Република Кореја, ѝ беше презентиран терминалот за царинење на поштенски пратки на аеродромот, контролниот центар од каде се следи скенирањето на пратки испратени преку брзите пошти, како и на АПИС центарот за контрола на патници преку користење на вештачка интелигенција и анализа на ризик.

Во рамки на посетата беа потпишани нови Меморандуми со кои Царинската управа добива пристап до нов фонд до 10 милиони долари за проекти за развој и унапредување на царинското работење.

Билатералните средби со експертите на Интернационалната Агенција при Царинската служба на Република Кореја зачестија. При посетата на нашата служба остварена во Скопје на 11 декември (во рамки на проектот Имплементација на систем за управување со ризици и податочен склад што е финансиран со грант вреден 4.8 милиони долари од Корејската Влада), експертите од Кореја одржаа презентација за информатичкиот систем за обработка на царинските декларации, како и софтверските решенија за обработка на увозот и извозот на мали пратки во е-трговијата.

### Царината во услови на криза обезбедува континуитет на економските текови и навремено пристигната помош и проток на стока во ситуации на катастрофи

На тридневниот настан за улогата на Царините во помош при катастрофи што се одржа во Скопје од 8 до 10 март во организација на Светската царинска организација и Царинската управа, се разменија позитивни искуства во услови на кризи и се потенцираше потребата за подигнување на свеста за придонесот што го даваат царинските служби во заштитата на општествата и обезбедување на континуитет на бизнисот.

Директорката на Царинската управа Кутиров во своето обраќање ја потврди покажаната подготвеност и способност на царинските служби за прилагодување во новите услови, овозможувајќи континуитет во

прекуграничниот синџир на снабдување. Од позитивните искуства се истакнаа зелените коридори воспоставени за меѓународен транспорт на чувствителни стоки, континуирана размена на податоци пред пристигнување преку регионалниот систем SEED, воведување нови услуги и дигитализација на царинското работење во бесхартиена околина.

Генералниот секретар  на Светската царинска организација Микурија стави акцент на долгогодишното искуство на СЦО во пружање помош при катастрофи, орјентираност кон подигнување на подготвеноста за итно делување во посебни случаи, поотпорни и поефикасни царински служби. Посебно е важна соработката со партнерските меѓународни организации, другите владини агенции и засегнатите страни за да се обезбеди брза и соодветна помош на граѓаните погодени од катастрофи.

Претставници на украинската, полската, романската, унгарската, молдавската и турската Царина споделија искуства околу предизвиците со кои се имаат соочено и акциите преземени во одговор на кризни ситуации.

### Регионална конференција на високо ниво „Преку дигитализација кон нова генерација на регионална соработка“: Македонската Царина лидер во спроведување на концептот за новиот Национален едношалтерски систем

На состанок организиран од Царинската управа и Светска Банка на 9 март 2023 година, во присуство на генералниот секратар на Светската царинска организација Кунијо Микурија, директорот на Светска Банка во земјата Масимилијано Паолучи, директорите на царинските служби на земјите од Западен Балкан и Бугарија, претставниците на Меѓународната финансиска корпорација (Светска Банка), Делегацијата на ЕУ во Скопје и претставниците од Меѓународната транспортна заедница, ЦЕФТА и Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ), се споделија искуствата во процесот на дигитализација и регионалната соработка.

Уште еднаш беа истакнати меѓу другото и придобивките од новиот Едношалтерски систем што се имплементира, кој треба да овозможи интеграција со постоечката ИКТ платформа за безхартиено царинење во увозно – извозните постапки, со овозможени нови пософистицирани сервиси за електронско издавање на дозволите за увоз, извоз и транзит, нови централизирани сервиси за заедничка проценка на ризиците на царината и другите институции, централна електронска регистрација на економските оператори и е-плаќање на давачките.

Во излагањата се укажа на динамичните промени во пружање на услугите кон граѓаните и бизнисот, неопходноста од примена на современи технолошки решенија во царинските постапки и регионална тесна соработка, професионалност и транспарентност и кај наджежните служби и кај економските оператори вклучени во трговски размени.

Се даде осврт и кон дизајнираната иновативна и долгорочна програма на Групацијата Светска банка, која ги поврзува секторските студии, техничката помош и инвестициите во транспортот, управувањето со границите, трговската политика и олеснувањето со целите за забрзувањето на движењето на стоки и услуги во Западен Балкан, подобрување на транспортната ефикасност и предвидливост, како и подобрување на пристапот кон меѓународниот пазар и инвестициите".

## Со колегите од Грузија се разменуваат искуства околу заеднички царински контроли

Во мај висока делегација од Даночната служба на Грузија предводена од директорот за царина Владимер Кундаџе оствари дводневна посета на Царинската управа на Република Северна Македонија, со цел запознавање со искуствата од имплементацијата на заедничките царински контроли во нашата држава. Оваа работна посета е остварена со поддршка на Канцеларијата за Економски развој, управување и раст на претпријатијата при УСАИД.
Беа презентирани позитивните искуства од примената на концептот One Stop Shop, меѓуинституционалната и меѓународна размена на податоци, како и активностите за регионална интеграција што Царинската управа ги спроведува во рамки на Отворен Балкан. Со воспоставување на заеднички гранични контроли се забрзува протокот на стока и патници, се подобрува конкурентноста на компаниите на меѓународниот пазар и се унапредува регионалната соработка и интеграција. Колегите од Грузија имаа можност на граничниот премин Табановце практично да се запознаат со придобивките од воспоставувањето на заедничките гранични контроли.

## Делегација на Царинската управа на седница на Советот на Светската царинска организација

На седницата на Советот (22-24 јуни) се разгледа напредокот во однос на исполнувањето на трите приоритети на Стратешкиот план на Светската

царинска организација за периодот 2022-2025 година: *Технологија и иновации*, *Зелена Царина* и *Управување и одговорност*.
Беше усвоен работен план за воспоставување рамка за споделување податоци, стандардизација на статистичките податоци, споделување на искуствата на земјите членки за прифаќање на културата на податоци. Во однос на приоритетот *Зелена Царина* главна цел е визуелизирањето на позелен хармонизиран систем (ХС) и се очекува да се обезбеди корисна основа за намалување на јаглеродното присуство во меѓународната трговија.
Во доменот на *Управување и одговорност*, главните активности се фокусирани на процесите на мапирање на ризици со цел понатамошна модернизација на СЦО.

### Натамошно јакнење на капацитетите за финансиски истраги со поддршка на Словенија

Со поддршка на Центарот за европски перспективи на Република Словенија Царинската управа ќе ги зајакнува дополнително своите капацитети за спроведување на финансиски истраги и постапки за одземање имотна корист стекната со криминал и имот од незаконско потекло.
За деталите на договорената соработка беше разговарано на средбата што се одржа на 5 јули помеѓу директорот Богоев и директорката задолжена за програмата на Центарот за европски перспективи Андреја Долничар Јера, која раководи со Програмата за развојна соработка на Република Словенија со Република Северна Македонија.
Со експерти од Словенија се споделуваат искуства и знаења во областа на практична примена на процедурите за водење финансиски истраги за царинските службеници и службениците од останатите институции вклучени во процесот (од македонската страна учествуваат Царинската управа, Јавното обвинителство, Управата за финансиска полиција и Министерството за внатрешни работи, додека од страна на Република Словенија учествуваат Државното обвинителство, Финансиската управа и Министерството за внатрешни работи).
Постојаното унапредување на експертизата за водење финансиски истраги и зајакнувањето на капацитетите со кои се обезбедуваат докази за кривично гонење на посериозни криминални активности е од големо значење и е една од активностите поставени високо на агендата на Царинската управа.

### Финализирање на подготвителните активности за заеднички контроли со едно запирање (One Stop Shop) на граничниот премин Ќафасан-Ќафтане

Директорите на царинските служби на Северна Македонија и Албанија на 7 јули  го посетија граничниот премин Ќафасан-Ќафтане, во рамки на остварената билатерална средба и задоволно го констатираа напредокот во подготовките за воспоставување на концептот One-Stop-Shop на граничниот премин Ќафасан – Ќафтане со Република Албанија.
Директорот Стефан Богоев се осврна на придобивките што ќе се почувствуваат во олеснување на трговијата, забрзување на транспортот на стоки и побрз на проток на патници.  Сите овие активности што се преземаат на овој план се насочени кон побрзо завршување на царинските постапки, намалување на трошоците и подобрување на конкурентноста на домашните компании на меѓународниот пазар, како и за побрза интеграција на нашата држава кон ЕУ.
И директорот Генти Гажели  го потенцираше значењето на овој проект кој ќе резултира во подобар квалитет на живот и подобри услови за водење на бизнис, не само за двете земји туку и за регионот во опкружување.

### Зајакнување на царинските тимови кои работат со царински кучиња трагачи

Делегација на Царинска управа предводена од директорот Стефан Богоев и заменик директорот Муарем Асани на 26 јули присуствуваше на последниот дел од обуката на царинско куче донирано и обучено од страна на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ),  за откривање на пари, дрога и оружје.

Царинската управа располага со 5 кучиња трагачи кои на царинските службеници им го олеснуваат секојдневното работење, учествуваат во акции на контрола и детектирање на недозволени активности.

Директорот Богоев присуствуваше и на практична вежба на Аеродромот Св. Апостол Павле во Охрид каде беше демонстрирано откривање на недозволена трговија од страна на мобилните тимови, со помош на царинските кучиња во реални услови.

### Јакнење на капацитетите со поддршка на Царината на Франција

На работна средба одржана на 26 јули со француска делегација предводена од амбасадорот Сирил Бомгартнер и царинското аташе Кристоф Бержон задолжен за Југоисточна Европа и Западен Балкан, се констатираше успешна долгогодишна билатерална соработка со француските колеги кои во континуитет со нас ги споделуваат новините во царинското работење. Истакнати беа претстојните активности за спречување на нелегална трговија со наркотици и оружје, во рамки на проектот што се спроведува преку Глобалната програма за оружје, со поддршка на Канцеларијата на Обединетите нации за борба против криминал и дрога. Посочени беа и приоритетните потреби и можностите за поддршка преку специјализирани обуки во доменот на царинското работење со цел подобрување на постапките за лабораториски испитувања, утврдување на царинската вредност и друго.

Директорот Богоев истакна дека во периодот што следи ќе се работи на зајакнување на соработката во областа на царинска контрола и разузнавање, од кои досега произлегоа големи придобивки и практична примена во секојдневното оперативно работење на нашата служба и дека останува посветеноста на достигнување на повисоки стандарди, поголема професионалност и унапредување на царинските постапки.

## *Меѓуинституционална соработка*

### Зајакнати истраги во сузбивање на криминалот со оружје - формирана работна група со Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство

Во ноември Царинската управа, Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство потпишаа Меморандум за соработка во областа на криминалот со огнено оружје, со кој се создаваат неопходните основи за започнување на проектот Јустиција (Justicia) на Канцеларијата на Обединетите Нации за дрога и криминал, за сузбивање на криминалот поврзан со огнено оружје во Западен Балкан (стартуваше во декември 2023 година).

Со Меморандумот се овозможува дејствување на новоформираната Работна група за координација на борбата против криминалот поврзан со огнено

оружје, со зајакната соработка помеѓу институциите, унапреден процес на размена на информации и воспоставен „трак рекорд“ за кривичните дела поврзани со огнено оружје, од момент на отпочнување на истрагата, додека трае гонење и покренување на обвинителен акт, до донесување на правосилна пресуда.

## Потпишан Протокол за соработка за поефикасно менаџирање со одземената стока

Во април директорката на Царинска управа Славица Кутиров и директорот на Агенцијата за управување со одземен имот Дритон Небиу потпишаа Протокол за соработка во постапка со одземени предмети во прекршочна, кривична и управна постапка. Со Протоколот ќе се зајакнат постојните одредби од Царинскиот закон, како и Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

Се олеснува постапката на договорните страни при меѓусебно известување и примопредавање на привремено и правосилно одземените предмети во прекршочна, кривична, управна постапка и стока отстапена со изјава во корист на државата, како и примопредавањето на девизи, монетарно злато, скапоцени камења и благородни метали што по приемот Агенцијата за управување со одземен имот ги депонира, односно ги уплаќа на девизна сметка во Народната банка.

## Царината и Управата за јавни приходи во постојан од за унапредување на системот за наплата на давачки

Царината и Управата за јавни приходи на официјана средба одржана на 19 јуни ги констатираа резултатите од преземените активности за подобра размена на информации и унапредување на системот за наплата на јавните давачки. Се разгледаа и можните решенија во поглед на актуелните барања на синдикалните организации.

## Министерството за финансии во поддршка на стремежите на Царинската управа

Министерот за финансии Бесими и директорот Богоев на работна средба одржана на 19 јуни ги потврдија заложбите за блиска меѓуинституционална

соработка што е неопходна за достигнување на амбициозните поставени цели, со кои се тежнее кон  подобрување на конкурентноста на домашната економија.

Продолжува делувањето согласно приоритетите на Владата, за реализација на заедничките проекти во доменот на царинското работење.

Стана збор и за активностите од започнатите преговори за пристапување во ЕУ во рамки на Поглавјето 29 – Царинска унија, како и за мерките кои ги презема Царинската управа за справување со сивата економија.

## Со здружени сили во борба против корупцијата

На официјална средба (6 јули) директорот на Царинската управа Стефан Богоев и претседателката на Државна комисија за спречување на корупцијата Билјана Ивановска разговараа за поважните тековни мерки за евидентирање на анкетни листови и изјави за судир на интереси согласно Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, дигитализацијата на царинското работење која овозможува дополнително поголема контрола на работните процеси.

Заеднички треба да се делува за намалување на коруптивните појави, со што ќе се подигне довербата во институциите и ќе се сузбива сивата економија. Со успешна борба против корупцијата ќе има и поголеми приливи на јавни приходи и подобрување на услугите кон граѓаните, подобро позиционирање на нашата држава во процесот на интеграција кон ЕУ.

Царинската управа практикува спроведување на кампањи за зголемување на свеста за опасностите од корупцијата и последиците кои произлегуваат од неа, со охрабрување за нејзино пријавување. Од 9-17 август на граничните премини Богородица, Ново Село, Дојран, Табановце, Делчево, Блаце, Аеродром Скопје и Ќафасан се поделија брошури „Стоп за корупцијата", за информирање околу можностите и нашите должности да делуваме заеднички и активно да пријавуваме,  детектираме и сузбиваме коруптивни активности во редовите на Царината.

## Меморандум со АД Пошта за унапредување на капацитетите за контрола на поштенски пратки и спречување на ширење на малото и лесно оружје

Во октомври Царинската управа и АД Пошта потпишаа Меморандум за продлабочување на соработката помеѓу двете институции во делот на спречување на нелегална трговија со мало и лесно оружје, делови од оружје и

муниција. Се прецизираат специфичните оперативни процедури за превенирање на недозволена трговија на стоки кои циркулираат во поштенскиот промет.

Потпишувањето на Меморандумот е дел од проектот Хермес во рамки на кој Канцеларијата на Обединетите Нации за дрога и криминал (UNODC) ќе обезбеди опрема за контрола на поштенските пратки, што ќе биде поставена во царинските испостави Пошта и Меѓународен аеродром Скопје, за откривање не само на мало и лесно оружје, туку и на пратки со сомнителна содржина - разни видови дрога и други недозволиви супстанци.

Учеството на Царинската управа во проектот Хермес е важно за заедничко делување на државите во регионот при справувањето со организираниот криминал.

## *Соработка со деловната заедница*

### Доделен сертификат на 27-та македонска компанија која се стекна со стаус на Овластен економски оператор

При посета на компанијата Даути Комерц АД Скопје, остварена на 26 мај, официјално беше врачено одобрението за стекнатиот статус на Овластен економски оператор (ОЕО) за царински поедноставувања, безбедност и сигурност во работењето.

Со исполнувањето на условите за стекнување на статус на ОЕО компаниите уживаат царински поедноставувања и намалени контроли, кои важат од неодамна и во земјите од Отворен Балкан. Истовремено се подобрува нивната конкурентност во регионот и ЕУ.

### Царината и МАКАМ-ТРАНС ја интензивираат соработката

На состанок со Билјана Муратовска-генерален секретар на македонската транспортна асоцијација МАКАМ-ТРАНС (4 јули) беше потврдено задоволството од мерките што Царинската управа во континуитет ги презема за унапредување на царинските процедури преку нивно поедноставување, забрзување на протокот на стоки и намалување на трошоците за транспортните компании.

Се потврди интересот за поблиска соработка и постојан дијалог во следните чекори на унапредување на трговијата и транспортот.

На настан по повод одбележување 20 годишен јубилеј од основањето на Макам-Транс (28.09.2023 година) директорот на Царинската управа Богоев информираше за модернизација на премините (заеднички гранични контроли на Табановце, Ќафасан и наскоро и на Блаце, проширен сообраќаен премин на Табановце, модернизација и проширување на преминот Деве Баир, поставување на нова дигитализирана вага за товарни возила на Богородица). Се потенцираа залагањата за усогласување со европското законодавство, дигитална трансформација и замена на сегашните ИТ системи со нови системи применувани во ЕУ, борба против криминалот, сузбивање на сивата економија и корупцијата, имплементацијата на новиот национален едношалтерски систем.

## *Добиени признанија*

### Награда од СЕЛЕК за случај на заплена на над еден тон прекурзори

На 9 јуни СЕЛЕК на Царинската управа ѝ врачи награда како знак на признание за случај во 2022 година кога беа запленети над еден тон прекурзори на скопскиот Аеродром (40 пакувања со 1.105 кг. прекурзор што се користи за производство на синтетички дроги како амфетамини, метамфетамини и екстази). Акцијата беше организирана од страна на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал - Единица за недозволена трговија со дрога при Министерството за внатрешни работи, заедно со Царинската управата и Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и со учество и на царинските службеници и Јавното обвинителство на Турција, а во соработка со Центарот за спроведување на законот во Југоисточна Европа (Southeast European Law Enforcement Center - SELEC).

### Царинската управа уважена како партнер на деловната заедница

Компанијата „Амфенол Технологии Македонија“ на своето свечено одбележување на 10 години од своето постоење во нашата земја (24 октомври), на директорот на Царинската управа Богоев му врачи плакета за успешна соработка со Царинската управа.

Плакетата го потврдува залагањето на Царинската управа и постигнатите резултати на полето на спроведување на мерки и активности за ефикасна трговска политика.

### *Свечено одбележување на 14 Април-Денот на Царинската управа*

На свеченоста организирана по повод царинскиот празник беа сумирани позначајните остварени резултати во 2023 година.

Свечено се врачија одобренија на компании со стекнат статус на Овластен економски оператор и се дадоа благодарници на царинските службеници кои навршуваат 10, 20 и 30 години работно искуство во Царинската управа.

Во рамки на празничните активности традиционално се организираше и крводарителска акција.